РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ГОДИНА XXX, БР. 161 (2/2026)

СТОЖЕР



ВО ОВОЈ БРОЈ

ИЗУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

ИЗБОР ОД ТВОРЕШТВОТО ОД НОВИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ДПМ

УСПЕШНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ: ДПМ СО НОВО РАКОВОДСТВО

СИТЕ СОДРЖИНИ НА „СТОЖЕР“ (2018-2026) ДОСТАПНИ ОНЛАЈН!

ISSN 1409-6005





Промоција на „Она што се памети живее“ (2025) во Штип: 26 февруари 2026 г.





Промоција на „Она што се памети живее“ (2025) во Битола: 6 април 2026 г.





ДПМ на книжевно матине и поетско читање во Општина Илинден: 12 и 13 мај 2026.





Редовно изборно Собрание во ДПМ: 30 мај 2026 г.

СОДРЖИНА

03. Стожер на македонската историја и култура
Марина Мијаковска
04. Признание за „Стожер“ на Манифестацијата „Во чест на поетот“ во Штип
05. Јубилејна награда „Книжевен жезол“ за 2026 година
07. Интервју со добитниците на годишните награди на ДПМ за 2025 г.
Тони Димков
11. 90 години од раѓањето на Оливера Николова (1936–2024)
12. 90 години од раѓањето на Михаил Ренџов (1936–2024)
13. 80 години од раѓањето на Васил Пујовски (1946–2019)
14. 80 години од раѓањето на Петко Шипинкаровски (1946–2020)
15. Изучувањето на македонскиот јазик во образованието
Димитар Пандев
17. Почетниот влог на Кепески во македонистиката
Васил Дрвошанов
18. Тринаесеттиот (извадок)
Лидија Димковска
19. Слепи сенки
Даниела Андоновска-Трајковска
20. Воцко
Јовица Илиќ
21. Песни
Алдо Климан
23. Поетски игри
Зоран Јакимоски
24. Војната сон или јаве
Трајче Кацаров
25. Првата ноќ и вториот рај
Сузана В. Спасовска
26. Без завеси
Ирена Павлова Де Одорико
28. Песна за жената
Славе Ѓорѓо Димоски
29. Нов член на ДПМ: Атанас Д. Бојаровски
30. Нов член на ДПМ: Ива Дамјановски
31. Нов член на ДПМ: Хана Корнети
33. Нов член на ДПМ: Лулзим Хазири
34. Поезија за деца
Љубинка Донева
35. Љубовта опива
Анита Бошкова
36. Проникнување на тишината
Љерка Тот Наумова
37. Еден несуден разговор под скопските липи
Маја Мојсова
39. Спомени
Габриела Стојаноска-Станоеска
40. Песни за водата
Жаклина Михајлова
41. Песни
Цветан Враживирски
43. Кодирана песна
Атанас Крлевски
43. Посветена песна
Саво Костадиновски
44. Има ли режисер на претставата?
Елена Пренџова
46. ХРОНИКА НА ДПМ
47. Стари фотографии
48. Времелов / Импресум

Пишува: Марина Мијаковска, главен и одговорен уредник

СТОЖЕР НА МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА И КУЛТУРА

УДК 050.488(497.7)(091)



Зборот „стожер“ во македонскиот јазик е именка во машки род, архаизам. Ако се навлезе во семантиката на „стожер“, буквалното значење на кое во минатото упатувала оваа именка е „дрвен столб заболен среде гумно“. Но, преносното значење на оваа именка упатува на „потпора“ или „носач“. „Стожер“ значи да се биде во центарот. А тоа со себе носи силен семантички набој: тоа укажува на позиционираност на место од кое можат да се следат сите најважни збиднувања од општествено-културниот живот. Да се биде „Стожер“ значи да се следи движењето во македонската култура.

Во 1996 година по иницијатива на претседателката на ДПМ, поетесата Светлана Христова-Јоциќ, никнува весникот на Друштвото на писателите на Македонија со наслов „Стожер“. Тој станува централно гласило на писателите кои членуваат во ДПМ. На страниците на оваа ревија писателите објавуваат творби, а заедно со промените и развојот на Друштво на писателите, авторите ги следат и историските текови. Оваа година одбележуваме триесет години „Стожер“. Многу писатели минале низ редакцијата на весникот, многу раце вложиле труд за да опстои овој стожерник на македонската книжевност и култура. Затоа би сакала да се навратам на некои значајни факти.

Како што се менуваше времето, така се менуваа редакциите, периодичноста (месечник, тримесечник), па и форматот (34 см на почетокот) на печатените изданија. Од основањето во 1996 г. главен и одговорен уредник беше Светлана Христова-Јоциќ. Од број 29 (1999) весникот доби поднаслов: „месечна ревија за литература, култура и уметност“. Во год. 4, бр. 32-33 (2000) главен уредник беше Тодор Чаловски, а во год. 6, бр. 57-59 (2002) гл. ур. беше Васил Дрвошанов. Од год. 5, бр. 38-39 (2001) поднасловот се смени: „ревија за литература, култура и уметност“. Есад Бајрам стана главен и одг. ур. од број 84-86 (2005). Во год. 12, бр. 106 (2008) одг. ур. беше Горјан Петревски, а од год. 15, бр. 112 (2011) таа позиција ја зазеде Александар Поповски. Од год. 18, бр.118 (2014) гл. и одг. ур. беше Петре Димовски, а од год. 22, бр. 126 (2018) гл. и одг. ур. стана Трајче Кацаров. Во негово време, со Живко Гроздановски, Александра Јурукковска, Делвина Крлуку и Виолета Танчева-Златева во редакцијата, весникот доби повпечатлив помал формат од 29 см, а за првпат почна и да се продава, во книжарници во Скопје. Содржините на сите броеви од 2018-2026 година може да се најдат не само во печатена, туку и во електронска форма, на http://dpm-pisateli.mk/stozer/.

Од год. 26, бр. 143 (2022) гл. и одг. ур. беше Славчо Ковилоски, а од јубилејната год. 30, на бр. 160 и 161 (2026) главен и одговорен уредник е Марина Мијаковска. Бр. 162 и 163 (бр. 3 и 4 за 2026 г.) останува да бидат подготвени од новата редакција на Друштвото.

Страниците на „Стожер“ ни донесоа голем број содржини, подготвени од уредниците и од писателите кои заеднички се бореа за видливоста на книжевноста. Сакам да им честитам на сите членови на ДПМ што учествуваа со содржини и дадоа придонес во тридецениското книжевен и културен опстој на „Стожер: ревија за литература, култура и уметност“.



УДК 06.05:821.163.3-1

ПРИЗНАНИЕ ЗА „СТОЖЕР“ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА ПОЕТОТ“ ВО ШТИП



Во организација на НУ ЦК „Ацо Шопов” – Штип, на 22 април во 12 часот, во Спомен-собата на установата, се одржа традиционалната манифестацијата „Во чест на поетот”, посветена на Ацо Шопов, по повод одбележувањето на 44 години од неговата смрт.

Настанот е посветен на животот и творештвото на еден од најзначајните македонски поети и има за цел да придонесе кон негување и афирмација на неговото литературно наследство.

Во рамките на манифестацијата беа доделени признанија за посебен придонес во афирмацијата и популаризацијата на ликот и делото на Ацо Шопов. Награда за животно дело му беше врачена на академик Божин Павловски, а награда за особен придонес во афирмацијата и популаризацијата на ликот и делото на Ацо Шопов ѝ беше доделена на „Стожер: ревијата за литература, култура и уметност” при Друштвото на писателите на Македонија.

Ученици од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип читаа поезија од Шопов, додека академик



Божин Павловски говореше за животот, делото и значењето на поетот. За творештвото на Павловски се осврна Блаже Миневски, а главната и одговорна уредничка на ревијата „Стожер“, Марина Мијаковска, зборуваше за тридецениското постоење на оваа ревија на ДПМ.



Настанот заврши со доделување признанија за особен придонес во афирмацијата и популаризацијата на ликот и делото на Ацо Шопов.



Проектот „Во чест на поетот“ во НУ ЦК „Ацо Шопов” во Штип е целосно финансиран од македонското Министерството за култура и туризам.





УДК 061.2:82(497.7):06.05"2026"

ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА „КНИЖЕВЕН ЖЕЗОЛ“ ЗА 2026 ГОДИНА

Управниот одбор на Друштвото на писателите на Македонија ја додели наградата „Книжевен жезол“ за 2026 г. на македонскиот поет Ристо Василевски и на бугарската поетеса Роза Бојанова. Ова меѓународно признание оваа година се доделува по јубилеен триесетти пат, по неговото востановување во 1996 г. „Книжевен жезол“ е единственото меѓународно признание што го доделува Друштвото на писателите на Македонија, а со кое се овенчуваат еден домашен и еден странски автор, за нивниот поетски опус, како и за нивните заложби во одржувањето на културните и книжевните врски помеѓу Македонија и другите земји. Први лауреати на „Книжевен жезол“ биле францускиот поет и критичар Жак Гошрон и нашиот поет и препејувач Матеја Матевски. Оттогаш, добитници на наградата се триесетина македонски поети, но исто така и поети од голем број земји од Европа и од светот. Наградата се состои од статуетка и од плакета. Оваа година, одликувањата им беа врачени на лауреатите на свечена церемонија што се одржа на 20 јуни 2026 г. во Друштвото на писателите на Македонија. На свеченоста беа одржани беседи за добитниците на „Книжевен жезол“ (Сузана Мицева и Драгана Евтимова), а лауреатите прочитаа свои стихови од новото издание од едицијата „Книжевен жезол“ („Севремена овошка“ / „Асиметрија“ - Р. В. / Р. Б.) На свеченоста настапи Филип Букршлиев.

Ристо Василевски

Творештвото на академик Ристо Василевски се одликува со сложен, слоевит и концепциски прецизен поетски израз, во кое преовладува силна мисловност и рефлексивност. Неговата поезија се развива низ постојано продлабочување – од пообемни, наративно отворени песни, кон згуснат прочистен и економичен израз. Во основата на неговото творештво стои стремежот кон создавање цврста песна што може да му спротивстави на егзистенцијалниот немир, историските потреси и духовната несигурност на современиот свет. Клучна особеност на Василевски е балансирањето меѓу личното и колективното искуство. Неговите песни често ја допираат границата меѓу интимното и историското, при што колективните трауми, општествените кризи и балканските искуства се преточени во лирски јазик што ја задржува уметничката автентичност. Паралелно со оваа линија, во неговото творештво се развива и една посуптилна поетика, насочена кон суштинските прашања на постоењето, јазикот и самата поезија. Во тие песни доаѓа до израз неговото чувство за форма, каде што поетскиот минимализам создава силни симболички и филозофски значења. Особено значајна е темата на духовноста и „храмот“ како културен и егзистенцијален простор, но и роднокрајниот напев кој е проткаен со впечатлива лиричност. Покрај поетското творештво, акад. Василевски има значајна улога како преведувач и културен посредник меѓу македонската и српската книжевност.

(Сузана Мицева)

Биографија на лауреатот:



Ристо Василевски е роден на 31.1.1943 година во селото Наколец во Преспа. Тој е поет, есеист, критичар, антологичар, член на МАНУ надвор од работниот состав од 2006 година. Во периодот 1962-1963 година работел како градежен техничар во градежното претпријатие „Пелагонија“ од Скопје. Веднаш по скопскиот земјотрес заминува на отслужување на воениот рок во Пожаревац и останува да живее во тој град, вработувајќи се најпрвин како технички раководител на градежното претпријатие „Неимар“, а потоа како градежен стручњак во тогашната ЈНА, во која останува до крајот на 1993 година. Неговото заминување од ЈНА се врзува со осамостојувањето на Република Македонија. Во Пожаревац воспоставил плодна соработка со списанието „Браничево“ и весникот „Реч народа“, а во кои објавил серија

книжевни прилози. Во август 1969 година се преселил во Смедерево. Во него го основал книжевниот клуб „Смедерево“ и станал негов прв претседател; го покренал угледниот Меѓународен фестивал на поезија „Смедеревска песничка јесен“ („Смедеревска поетска есен“) и станал негов долгогодишен директор, уметнички директор и главен и одговорен уредник на издавачката дејност. Тој го втемелил југословенскиот Фестивал на детско книжевно творештво „Извор живе речи“ („Извор на живиот збор“) во Колари кај Смедерево, и го покренал младинскиот весник „Сутра“ („Утре“) – станал негов главен и одговорен уредник. Во градот Смедерево и во Србија бил ангажиран и во многу други книжевни, издавачки и културни дејности. Бил уредник на повеќе списанија за книжевност, уметност и култура, а бил уредник и на најугледниот српски литературен весник „Књижевне новине“ од Белград, уредник на литературното списание „Моне Ауреус“ од Смедерево и член на Одборот на Меѓународниот фестивал „Смедеревска поетска есен“ и на меѓународните „Белградски книжевни средби“. Од 1993 година е сопственик, директор и главен уредник на угледната издавачка куќа „Арка“ од Смедерево. Поетското творештво на Ристо Василевски брои повеќе од дваесет и две поетски книги, антологии, две книги поезија за деца и два романа за деца во стихови. Има објавено повеќе од дваесет книги со избор од неговата поезија, која е препеана на над триесет светски јазици. Самиот акад. Василевски, со бројните преводи и препеви на дела од македонски автори од XX век, со составените антологии и со долгогодишниот ангажман во книжевниот живот. Тој како директор на меѓународниот фестивал „Смедеревска поетска есен“, и како сопственик и главен и одговорен уредник на ИК „Арка“, придонесува за зближување и афирмација на литературните средини во регионот. Токму оваа двојна творечка и културна активност, заедно со високите естетски дострели на неговата поезија, за која е добитник на голем број меѓународни награди и признанија, го потврдуваат акад. Ристо Василевски како значајна фигура во современата македонска литература и достоен добитник на наградата „Книжевен жезол“ на Друштвото на писателите на Македонија.

Роза Бојанова

Роза Бојанова има свој посебен поетски код по кој е препознатлива. Специфично за нејзината поетика е употребата на стилски експресивни средства, особено алегории и метафори. Авторката гради сложени поетски слики, во кои се комбинираат мноштво визуелни, аудитивни и тактилни претстави, преку кои се реализира лирското јас. Поетскиот стил се карактеризира со интелектуална густина, со егзистенцијална тензија и со симболичност, а емоцијата не е директно исповедана, туку посредувана преку концепти, метафори и структурни спротивности. Тоа се песни што влегуваат во конфликт со нашето брзање, поради кое не можеме да ги видиме најсуштинските нешта во животот. Така, тоа се песни што пробиваат и удираат во нерв, принудувајќи нè да се соочиме со материјата и да сфатиме дека таа е во суштина време.

(Драѓана Евтимова)

Биографија на лауреатката:



Роза Бојанова е родена на 6.3.1953 година во селото Раброво, Видинско, во Бугарија. Дипломирала бугарска филологија на Шуменскиот универзитет „Константин Преславски“ во 1976 година. Работи во областа на културата. Предавала креативно пишување на Бугарскиот независен универзитет. Има објавено над 40 книги за деца напишани од нејзините дипломирани студенти од Шумен и Бургас, како и самостојни книги од возрасни уметници, учесници во литературното студио. Таа е составувач и уредничка на антологии и зборници објавени во Бугарија и во странство. Учествувала на Струшките вечери на поезијата во Струга. Член е на Словенската литературна и уметничка академија во Варна и на меѓународната литературна академија „Ориент–Окцидент“ во Букурешт. Добитничка е на национални и на меѓународни книжевни награди, меѓу кои: националната награда „Владимир Башев“, националната награда за лирика „Иван Пејчев“, македонската книжевна награда „Дедал“, меѓународната поетска награда „Неказано“ во Бар, Црна Гора, меѓународната награда за поезија „Ацо Караманов“ во 2025 година во Радовиш, како и на наградата „Златен Пегаз“ за животно дело. Таа е почесен граѓанин на Бургас.

Наградата „Книжевен жезол“ на ДПМ е мост што три децении ја претставува и ја афирмира македонската поезија во нашата земја и во светот, и воедно доближува до македонската книжевна и културна јавност некои од најафирмираните поетски гласови на меѓународно ниво. Наградата е основана во 1996 г. во време кога претседателка на ДПМ била Светлана Христова-Јоциќ, а нејзини први лауреати биле францускиот поет и критичар Жак Гошрон и нашиот поет и препејувач Матеја Матевски. Оттогаш, добитници на наградата се триесетина македонски поети, но исто така и поети од голем број земји од Европа и од светот. Наградата „Книжевен жезол“ се состои од статуетка и од плакета, кои оваа година ќе им бидат врачени на лауреатите на свечена церемонија што ќе се одржи на 20 јуни 2026 г. во Друштвото на писателите на Македонија. На свеченоста ќе бидат одржани и беседи за добитниците на „Книжевен жезол“, а ќе бидат интерпретирани и нивни стихови.



Интервју

УДК 061.2:82(497.7):06.05"2025"
УДК 821.163.3(047.53)

ДЕЛА ШТО ЈА ПОТКРЕВААТ ПИРАМИДАТА НА КНИЖЕВНИ ВРЕДНОСТИ

ИНТЕРВЈУ СО ДОБИТНИЦИТЕ НА ГОДИШНИТЕ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2025 Г.

Тони Димков

Свечено и достоинствено, врачувањето на годишните награди на ДПМ за 2025 година се одржа на 13 февруари 2026 година, денот на кој Друштвото на писателите на Македонија одбележа 79 години од основањето. На конкурсот за традиционалните годишни награди на ДПМ за 2025 година беа пријавени вкупно 53 дела.

Наградата „Стале Попов“ на ДПМ за најдобра проза книга ја доби романот „Три Марии“ од Оливера Ќорвезироска, во издание на „Арс Ламина“. Книжевната награда „Стале Попов“ има големо значење за писателите и секогаш е предизвик да се добие. Такво чувство носи и лауреатката Оливера Ќорвезироска.

– Наградата „Стале Попов“ е наша, еснафска награда, од писателите за писателите. Се доделува на членството на ДПМ и, од една страна, тоа е ограничувачки фактор, но од друга – привилегија, зашто еснафот, чираците, калфите, мајсторите, си оддаваме меѓусебни признанија. Тоа е и лирски, сентиментален момент, видливо одржување на континуитетот. А континуитетот е нешто многу важно во националната книжевност, благодарение токму на нераскинливите генерациски врски и постои она што се нарекува современа македонска книжевност. Ништо никогаш не почнува со една, која и да било генерација; сите сме и нечии следбеници и нечии претходници. Оваа награда е за прозно дело, не само за роман, и сметам дека тоа е особено важно, затоа што на извесен начин го „брани“, го заштитува расказот како жанр од општата супериорност и доминација на романот последните децении. Годинава, во најтесниот избор за „Стале Попов“ беа четири романи, но повеќепати претходно со наградата се имаат закитено и збирки раскази. Така беше и минатата година, се надевам така ќе биде и во иднина. Жанровите треба да имаат подеднакви можности за валоризации и признанија, а наградата „Стале Попов“ го овозможува токму тоа и затоа станува уште поважна во еден поширок книжевен контекст – истакнува Ќорвезироска.

Делото „Три Марии“ (роман-басма) има убав одзив меѓу читателите, додека со добивањето на наградата стекнува уште поширок опсег на сопственото значење.

– Наградите не се ниту смислата ниту целта на пишувањето, но значително придонесуваат за видливоста на она што го работиме. Секако дека се радувам што мојот роман „Три Марии“ за неполна година од излегувањето доби три награди, меѓу кои и „Стале Попов“ на ДПМ, и доживеа две изданија. Тоа не е честа практика кај нас, зашто некако се навикнавме и се помиривме повеќе изданија и поголеми тиражи да бидат наменети за „некој друг“, не за нашите книги што се печатат во мали тиражи и се продаваат со години... Одзивот од читателите беше многу убав уште од самото излегување на романот, така што на-

градите дојдоа некако спонтано, природно и можам слободно да речам – неочекувано. Опстојувањето на сопствениот творечки пат е сложен процес што може да биде полесен со помош на наградите или потежок – без нив. Убаво е кога се добиваат награди, но не смееме да мислиме дека се единствениот ветар во творечкиот грб. Треба да се научиме да истраеме и во недобивањето, да се радуваме и кога ќе ги добие некој друг, а не само тогаш кога ќе ги добиеме самите. Најважно од сè е да имаме што повеќе квалитетни книги напишани на македонски јазик, што побогата и повредна национална книжевност. А ако искрено и несебично се грижиме за големата слика на нештата, таа кога-тогаш ќе ни возврати со мала, лична радост – забележува Ќорвезироска.

Наградата „Ацо Шопов" за најдобра поетска збирка ја доби книгата „Вообразби (лирски етиди за некој друг свет)" од Бранко Цветкоски („Макавеј"). Оваа награда е патоказ кон длабочината на поетското творештво.

– Книжевните награди се проверен обид во секоја култура да се сврти вниманието и да се осветлат со понагласен фокус определени дела кои со својата креативна вредност ја поткреваат барем за едно стапало пирамидата на книжевните вредности. Во македонскиот поетски видик, повеќе децении, годишната награда на ДПМ „Ацо Шопов" (што се доделува за најдобра поетска збирка) стои рамо до рамо со поетската награда „Браќа Миладиновци" на СВП. И сосема е релевантна ваквата врзивна перцепција зашто делото на Ацо Шопов, во чисто естетски контекст, е со мошне високо и стабилно место во современата македонска поетска вертикала, па и во здогледувањето на најјарките достигнувања во македонската книжевност, воопшто. Влогот на Шопов во т.н. прва поетска генерација, која го постави меѓникот за најдрагоцените поетски дарови до денес, е за посебна почит и од еден, барем за мене, себичен национален естетски придонес. Тој во својата врвна поезија модернизмот го изгради врз автохтоните градбени / фигуративни модели кои не дојдоа како мимесис, одглас или бледа копија на европските поетски школи, туку во нашата лирска историја останува недостижен зашто своите најдобри песни ги измолкна од најбогатите долапи на азното што го беше изградил самиот македонски јазик / бит / култура / самочувство кои веќе создадоа темели за една посебна естетска сензибилност. Тука Ацо е прв и ненадминат, за разлика од неговите генерациски книжевни соборци кои ја изградија својата модерна или постмодерна лирика според препознатливи европски стилски влијанија. Неговите песни ќе останат македонска поетичка меѓа која може да се здогледа од сите страни на светот. И ќе остане како лирски врв кој секој би сакал да го достигне – нагласува Бранко Цветкоски.

Збирката поезија „Вообразби (лирски етиди за некој друг свет)" има круцијално место во неговото творештво, а токму тоа го насетиле и колегите од жири-комисијата на ДПМ.

– Кажав во мојата благодарствена беседа при приемот на ова високо поетско признание во домот на македонските писатели, а ќе повторам и сега. Пред објавувањето на „Небиднина" Шопов во една изјава (сега ќе парафразирам) – потенцираше дека насловот на неговата книга би можел да значи нешто што е невозможно, нешто што нема да се оствари. Слична морничава коба / вообразба / небиднина јас речиси две години како замаен вградував во книгата „Вообразби – лирски етиди за некој друг свет" и почестен сум што жирито (почитуваните колеги и респектирани поети Ристо Василевски, Милован Стефановски и Иван Џепароски) ја препознаа таа коба остварена во лирски песни кои вообразуваат и дом и бескрај, и вечност и миг, и постоење во непостоењето... Инаку, со оваа маркантна награда на ДПМ имам чувство дека книгата „Вообразби – лирски етиди за некој друг свет" во мојот поетопис веќе се одделува кон сферите на оној творечки стадиум каде што хиерархијата и натпреварот дури се ненужни и остануваат во светот кој после овој миг додека одговарам на вашите прашања – станува само меморија збогатена со нови естетски дарови... Затоа, посакувам, секоја нова книжевна вообразба да ја примаме како раскошен исчекор од изненади кому му нема рамен во универзумот. Затоа што уметноста во самиот зародиш, со првиот удар врз чувствата и умот била и останува вообразба, божествен привид – потенцира Цветкоски.

Наградата „Ванчо Николески" за најдобра книга за деца и млади ја доби книгата „Илина и тајните на Бабин Заб" од Хана Корнети („Или-или"). Таа е најмлада меѓу годинашните добитници на награди и затоа и најљубопитна да го открива светот на детската литература.

– Колку што знам (а не знам многу), „Ванчо Николески" е единствена награда во која спаѓа секаква книжевност за деца – од сликовници до романи – и впрочем, единствено место каде што можев (со вистинска шанса) да конкурирам со „Илина и тајните на Бабин Заб". „Роман на годината" е најмногу за книги за возрасни и до сега роман за деца ја нема добиено наградата; МАИ наградува конкретно сликовници; „Оливера Николова" на „Арс Ламина" е конкурс, односно откупна награда на издавачката куќа, така што не ја сметам за независна награда; „Литера" исто има награда, ама за илустрирани книги. Романите за Илина се во делумно запоставена возрасна категорија во современата книжевност (со исклучоци, се разбира), бидејќи, иако ги читаат и помали и постари, идеалната возрасната категорија е 8-13 години, преоден период помеѓу чистата фантазија на детството и филозофирањето на зрелоста. Така што, би рекла дека можноста да се зголеми видливоста на едно дело со наградување е дефинитивно поттик, отворајќи (надежно) пат кон нова публика. Освен тоа, следува и парична награда, што е важно за тие кои се трудат да пишуваат (или создаваат каква било уметност) како повеќе од хоби – забележала Хана Корнети.

Книгата „Илина и тајните на Бабин Заб“ е втор дел од замислената трилогија на Корнети со ликот Илина. Наградата ѝ дава лична сатисфакција, но и можност за развој на приказната со Илина.

– Првично, секако дека ми е чест што една жири-комисија составена од автори со свој интегритет и печат видела нешто вредно во оваа книга. Го доживувам, меѓу другото, како важен знак на доверба, бидејќи кога станува збор за книжевноста за деца, параметрите се малку поинакви. Треба да биде читлива и забавна, да има уметничка вредност, но истовремено се очекува и да има одредена едукативна нишка. Во романите за Илина, таа едукативност не е дидактичка или даскалска, повеќе е илустративна, низ искуствата на ликовите во книгата. Со други зборови, читателите може да извадат некои интуитивни заклучоци, не преку афоризми или слогани туку преку самата приказна, за тоа како се живее „добро“, за што вреди човек да се бори, колку е универзално човековото искуство и дека не се сами или осамени во борбите, кои се (неопходните) болки на растењето, и така натаму. Значи довербата која ја доживувам е дека жири-комисијата помислила: аха, да, ова е нешто кое сакаме да го доживеат младите генерации. Секако, наградите се обележја во патот на еден уметник, а не цели. Важно е да се биде доследен до себе. Ама кога во таа доследност некој препознава квалитет, признанието значи и нè охрабрува за претстојниот пат, кој никако не е лесен. Меѓу другото, наградите понекогаш помагаат и во реализирање на преводи во странство. За крај, патешествието на Илина ми е концептуирано како трилогија, така што се надевам дека по „Ванчо Николески“ интересот околу книгата ќе се прошири и кон првиот дел („Илина и шумските тролови“, 2023, „Или-или“) и кон последниот, претстоен дел – искрено посакува Корнети.

Наградата „Димитар Митрев“ за најдобра книга критика или есеистика ја доби книжевно-критичкото дело „Книжевни созвучја и огледала“ од Елизабета Шелева („Сивејан“). Во време кога книжевната критика се губи од другите медиуми, оваа награда е исклучително важна и за критичарите и за авторите на книжевните дела.

– За разлика од останатите награди, кои ги доделува ДПМ (за поезија, проза, литература за деца), наградата „Димитар Митрев“ е (за жал) единствената, што се доделува за книжевна критика во нашата книжевна средина и го носи името на еден од основачите на ДПМ. Јас ја немав можноста во живо да го слушам Митрев како харизматичен говорник или да се запознаам со него (бидејќи починал пред 1976 година), но затоа во мојот магистерски труд (одбранет на Филолошкиот факултет во Белград, во 1988 година) – подетално се посветив на научно проучување на неговиот критички модел и личниот влог, што го остварил особено во времето на т.н. книжевна конфронтација меѓу реалистите и модернистите, што го сметаме за најдинамичен период и златно доба на критиката во Македонија. Гледано од аспект на поетичките вкусови и преференции – не сум сигурна дека јас и Митрев денес би се наоѓале на истата страна – знаејќи за ноторниот факт, дека Митрев бил скептичен кон новата, модернистичка литература, додека мојата дебитантска книга критики објавена пред точно 40 години, во едицијата „Алфа“ на Книжевна младина на Македонија, носеше програмски наслов „Во име на новото“. За оваа книга критики, во 1986 година, ја добив наградата на „Млад борец“, којашто, за жал, во меѓувреме згасна – заедно со истоименото драгоцено гласило и повеќе не се возобнови (а пропо, обновувањето на ваква награда, особено за дебитантска книга критики, може да се иницира во секое време, само доколку се има соодветна желба и свест за тоа). Статусот, угледот и влијанието што го имала книжевната критика во времето на Митрев е неспоредлив со оној што таа го ужива денес, особено кај нас. Критиката пред шеесетина години заземала култно место во книжевниот живот и била стециште на провокативни расправи и дебати. Денес, таа е речиси сосема потисната, поттурната на страна во јавниот медиумски простор, често злоупотребена и измиксана со маркетиншките потреби и интереси, пред сè, на издавачите, безгласна кога треба да се одлучува за суштинските естетски вредности – книжевната критика денес е своевидно „сираче“ (како што ја нарековме во една неодамнешна објава). Парадоксот се состои во самиот факт, што денес знаењата и компетенциите кои ги има критиката се солидно збогатени со новите теориски и толковни модели кои владеат во светот, така што можеби најзанимливата критика кај нас се создава и негува во академските клупи, кај младите ентузијасти кои не се оптоваруваат со сопствениот профит. Од друга страна, како што покажа мојата приватна статистика – последниве 10 години (од 2016 година наваму), како добитници на оваа престижна награда за критика кај нас воглавно се јавуваат жените, што во времето на Митрев (но и подоцна) чинам дека било незамисливо. Жени во критиката кај нас порано одвај и да постоеле. Отаде, некои нешта (чекор по чекор) делотворно се поместиле. Сепак, треба да се признае дека достојното исполнување на оваа книжевна мисија бара жртви на повеќе олтари – пред сè, во личниот живот. Иако не ми е драго – јас нив ги поднесов, оти во мојот случај така мораше да биде! - критички елаборира Шелева.

Како човек и како критичар Елизабета Шелева ја интересираат прашања и одговори од суштествен или „метафизички“ происход и во тој правец ги создава и сопствените книжевни објави.

– За мене лично, критиката е кауза – којашто изискува не само компетентност, елоквентност, знаење – ами и етички интегритет! На такво поимање на критиката ме научи и охрабруваше мојот драг ментор, Милан Ѓурчинов. Денес, кога критиката сè повеќе се доближува, опасно кокетира и претопува со рекламата (маркетиншките стратегии и доминантно

пазарни мотиви) – во една, безмалку фамилијарна средина, како што е македонската – би сакала да потсетам на една суштинска и неоспорна вистина: добрата критика не се создава од атер, уште помалку од помодарски причини и одглумен афект! Оти така се добива мимикрија, а не и автентична критика. Не сум привржаник и следбеник на партиски, етнички, роднокрајни или семејни кланови. Можеби, самото мое постоење и творештво е чиста аномалија во една инцестуозно мала и повеќекратно поврзана културна средина, како што е оваа во Македонија – но, јас не сум таа, што можев да бирам каде ќе се родам, ниту да се пазарам со фрлените коцки на случајот и судбината! Не ме интересирале ниту мотивирале приземни, т.н. купи - продај практики и лицемерни ритуали! За разлика од извесен број на мои колеги - јас сепак не сум трансакциски предодредена личност, ниту прагматичен ловец на погодности! Не верувам во луѓе со праволиниски биографии - чиј просперитет се знае (договара) три генерации однапред. Луѓе - феудални аксиоми. И провинциски калапи. На кои уште по раѓањето им следува мазен „пат кон успехот" и нагорен подем. Можеби е тоа така, затоа што и сама НЕ сум носител (ниту огледен пример) за таква, граѓанска и праволиниска биографија. Книжевноста, филмот, уметноста воопшто, е попрво пресметка со потеклото (и роднокрајноста), отколку негова апологија! Франц Кафка, Емил Сиоран, Томас Бернхард, Армандо Њиши, Јулија Кристева, Цветан Тодоров се имиња кои сведочат за овој фатален творечки раскол и лично распетие... Удобноста не раѓа добра и вредна литература. Напротив. Уметноста е најсилна, кога избива од „изглобеноста", невкалапеноста, „out of place" чувството на вечното странствување и лижење на раните потајум. Григор Прличев, Коста Рацин, Блаже Конески, Славко Јаневски, Богомил Ѓузел, Горан Стефановски, Игор Исаковски – се повеќе од речити докази за оваа аксиома – констатира Елизабета Шелева.

Добитник на наградата „Мост" на ДПМ, за најдобра книга напишана во 2025 на јазик што го зборуваат членови на заедниците во Македонија, е збирката песни „Embsuame Paskajore" („Инфинитивна поука") од Ахмет Селмани („Академска книга").

– За мене лично, книжевната награда наречена „Мост" е многу значајна, бидејќи дојде како прекрасно изненадување. Целиот мој живот бев навикнат само на метафори, исто така и оваа награда ми дојде како посебна метафора, бидејќи ги надминува границите на физичкото значење како објект што поврзува два брега и добива пошироко духовно и поетско значење. Значи, мостот секако е метафора за комуникација со читателите, за ослободување од етничко-културното гето, за надминување на самодоволството од мајчиниот јазик итн. Така, сметам дека оваа награда сама по себе ве доближува до културите и литературите што се создаваат во нашата земја, ве запознава со широкиот и разновиден уметнички мозаик, ве води кон суштината на мултикултурната реалност – истакнува Ахмет Селмани.

При креацијата на збирката поезија „Embsuame Paskajore" („Инфинитивна поука") Селмани имал специфичен концепт, а добивањето на наградата ќе даде можност повеќе читатели да се запознаат со неговиот поетски потфат.

– Долго време ја пишував поетската книга „Инфинитивна поука". Таа е заснована на сложен, нетипичен и необичен мотив и концепт. Го велам ова затоа што мојот креативен лајтмотив е граматичка форма, како што е инфинитивот, кој е специфичен во албанскиот јазик. Токму овој лингвистички мотив го трансформирав во поетска форма. Значи, инфинитивот станува креативна парадигма според која создавам поетски свет каде што нештата се сместени во бесконечност, исто како фантазијата. И таму постојано се појавуваат животни и егзистенцијални феномени, човекот како духовна онтологија со својата љубов и копнеж, со своите парадокси и противречности. На некој начин, ова е тестаментална поезија која колку што кажува истовремено и не кажува. Едноставно тежнее да биде повеќе поттекстуална, како инфинитивна перцепција. Со оглед на фактот дека оваа книга ја доби наградата „Мост", уште повеќе ми дава надеж дека поезијата, дури и во ова „апоетско" време, успева да го пронајде својот пат до читателот и да излезе на површина, давајќи ни до знаење дека светот нема смисла без поезија. Иако Платон ги исклучил поетите од својата Држава, тие, сепак, биле присутни насекаде. Слично на тоа, во нашето општество, иако поетите се маргинализирани од разни причини, сепак сметам дека само тие можат да го спасат човекот од духовни кризи - посочува Селмани.

Поетесата Делвина Крлуку (која беше и член на комисијата за доделување на наградата) ја истакнува важноста и симболиката што ја носи наградата „Мост".

– „Мост" не е само признание за книжевен квалитет, туку и силна порака за меѓусебно поврзување, културен дијалог и почитување на јазичната разновидност во нашето општество. Наградата „Мост" се доделува за дело напишано на јазик од немнозинската заедница во РС Македонија. Со самото тоа, таа претставува признание за творештвото што се создава надвор од доминантниот јазичен простор, но кое е нераскинлив дел од културниот мозаик на државата. Токму затоа сметам дека е неопходно да се изнајде системско и одржливо решение Министерството за култура (во соработка со ДПМ) секоја година да го поддржува преводот на македонски јазик и објавувањето на книгите добитници на оваа награда. Верувам дека ваквиот пристап ќе придонесе кон подлабоко меѓусебно запознавање, кон афирмација на квалитетната литература без оглед на јазикот на кој е создадена, и кон градење поинклузивен и посилен книжевен простор во Македонија – заклучува Крлуку.



Одбележување

УДК 929Николова, О.

90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ОЛИВЕРА НИКОЛОВА (1936–2024)

Оливера Николова е родена на 11 март 1936 година во Скопје. Таа е раскажувачка, романсиерка, драмска писателка и авторка за деца. Се школувала во Струга и во Велес, а завршила Филозофски факултет во Скопје. Работела како драматург на радио и телевизија. Во Друштвото на писателите на Македонија членуваше од 1963 година. Пишуваше за деца и за возрасни. Романи: „Тесна врата“ (1983); „Домашни задачи“ (1989); „Тромбот“ (1997); „Адамово ребро“ (2000); „ Вежби за Ибн Пајко“ (2001); „Куклите на Росица“ (2004); „Белиот чад“ (2009); „Куќичка“ (2012); „Кадифената покривка“ – новелети за жени убијки“ (2015); „Пешаци по црни полиња“ (2017) и „Песот со тажен поглед“ (2019 г.) Раскази: „Ден за летување“ (1964) и „Лева комора“(2008). Драми: „Сребреното јаболко“ (1998). Романи за деца: „Тајната на жолтото куферче“(1965); „Зимски детективи“ (1972); „Пријателите Бон и Бона“(1974); „Мојот звук“ (1977); „Девојките на Марко“ (1987); „Љубоболки“ (1988); „Преминот не е осветлен“(1990); „Шифри на каменот“(1993); „Бели стапки“(1993); „Светлосна година“(1998). Проза за деца: „Зоки Поки“(1963) „Земја во која никогаш не се стигнува“(1965); „Тажниот весел Владимир“ (1984); „Камерата на Борис“ (1989); „Око што мисли, уво што гледа“(2005). ТВ-игри и радиоигри: „Зоки Поки, Среќен пат, Зоки“ (коавтор); „Девојките на Марко“; „Сребреното јаболко“; „Земја во која никогаш не се стигнува“; „Игра за мама“; „Од палец до сон“; „Како расте татковината“; „Големото зошто“ итн. Пиеси за деца: „Чук, чук Стојанче“ (1976) и „Умна глава“ (1984). Сликовници: „А, Б, В ...(коавтор, 1987); „Сакам, нејќам“ (1987).

Вежби за Ибн Пајко

Беше ти бил ибн Пајко човек мек како душа. Мек како душа, ама и силен како душа. Солза да му капнела врз камен, се велело, дупела бразда во него. Воздишка ли да испуштел спрам некого, од с'клет, од ихтиза или севда некаква, врз овега круна од ѕвезди небаре се правела, ѓоа да му свети како на светец и да го пази со сечилото на светлоста.

Тој ибн Пајко беше ти бил попрво Марко. Со име на пресветлиот апостол. Бидувајќи прв и единствен син на татка си Павлета, Пајкота, го провикале ибн Пајко, син на Пајкота.


Сѐ му личело нему што ќе направел. Сѐ, небаре од самиот господ бог подржано. Жена му пак, Калија, и таа со златни раце како него, кои во коприни донесени од Измир со срма правеле чудесии, на ибн Пајко му била десна рака и десно рамо, ама и чувар за нивната неизмерна меѓусебна љубов. Иако не се погодувало никогаш кој кого повеќе сака.

Марко беше во ставата висок и тенок. Со извлечен врат, како ибриците што ги правеше. Опулот му беше чист и отворен, раката пак секогаш пречеклива. Калија во работата му помагаше без да знае. Светла како бел бигор, а мека и нежна како мирис од мошус и амбра. Калија, со збор што беше певлив и пријатен, чиниш по неговите синии бесшумно се тркалаше и ги мазнаше, ги мазнеше – така му се приспоруваше на нејзиниот Марко, кога ќе почнеше да ги светнува дали синиите, дали ибриците, свеќниците, дали каделниците, ѓумовите, котлите, арапиите, тавите, фенерите или легените.

Стариот на Марко беше ти бил дојден, пред години, од Кратово, а во овој град имаше мајдан од бакар, та бакарните садови што се изработуваа таму, според личотијата ги надминуваа и оние од Босна, па и оние од Кастамонија, во Мала Азија. Марко го изучи занаетот и изработуваше свеќници од тенки и испреплетени жици, а ибрици дури и од чисто злато, украсени со скапи камења и шари, умот да ти зајде. Како што се правеле во Кратово, а и поубави. По ридовите врз градот, таму, имаше болук не само чист бакар, туку и сребро, и да се прават вакви личотии комесарот на градот дозволуваше со голем ќејф. Занаетот што го наследи Марко им носеше баеги корист како на градските турски првенци,така и нему, на комесарот, кому градот, иако беше под скопскиот санџак, му беше даден на управување со уште двесте негови луѓе, ама и под закуп за седумдесет товари аспри. Седумдесет товари! Каква ли пара беше тоа! Само еден товар содржеше петстотини илјади аспри! Ама, ако се има на ум тарапаната за пари што постоеше овде, тарапана во која беа сечени аспри од чисто сребро, е тогаш, комесарот не мораше многу да се с'клетисува. Во тарапаната работеше многубројна раја што тој ја ослободи од секакви други обврски. Дење и ноќе таа раја само вадеше и вадеше од бакарот и среброто, и не правеше ништо друго. Многу милееше комесарот, некаде при акшам, да седне на чардакот и да го разгледува новиот куп сечени аспри што му ги беа донеле. Ги фаќаше тој во грстови, ги заграбуваше, па пушташе среброто да му тече низ прсти како вода. Се грбавеше врз тркалезните сплескани пари небаре првпат ги гледа, и со здржан кикот, сверејќи се спрам ридовите, ја вртеше парата и читаше во занес: „Нека му биде победата славна - сечено во Кратово“.

Така и Марко, не знаејќи колку му е сличен, седнуваше на акшам, пред да го замандали дуќанот во Скопје, седнуваше сам крај своите ибрици и синии што ги беше направил, покроце и на јаваш да прими малку од огревањето на нивниот матен сјај. Не би ги дал за ништо на светот, да не мораше. Додека образот почнуваше да му се осветлува, и однатре, како од некое чудесно ламбиче, тој ги гушкаше како деца што ги задржува уште малку, уште малку, пред да му избегаат од куќи...

(Почетокот на романот „Вежби за Ибн Пајко“ од Оливера Николова, издание на „Три“, 2001 г.)



Одбележување

УДК 929Ренџов, М.

90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА МИХАИЛ РЕНЏОВ (1936–2024)

Михаил Ренџов е македонски поет, прозаист и преведувач. Завршил Правен факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Ренџов работниот век го минал во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје како советник по библиотекарство. Ренџов има големи заслуги за формирањето на библиотечниот фонд со современи авторски ракописи и манускрипти од познати писатели што се чува во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Бил член на Македонскиот ПЕН центар и на Друштво на писателите во Македонија. Автор е на повеќе од дваесет книги со поезија. Ренџов се закитил со голем број награди за неговото творештво.

ЗРАК
Сјае небото
Сонцето блеска,
Зрак сум од небесна фреска
Со светлина
Исцртана

СОНЕТ
Зборовите – зрна
Пред да се сеат
Треба да пропеат

НЕРЕЗИ. МАНАСТИР
Молитва која свети
Чиниш сјаен венец,
Еден ангел ноќва
Молитви во мене.

ХРАМ – ЗБОР
Зборот – Храм е
Во кој се скривам,
Во кој псалмам и
Во кој молитвам

Поезија од последната негова стихозбирка „Зраци“ објавена во 2023 г.

Михаил Ренџов:
Кога не би пишувал, не знам како би преживеал.
(Јас не пишувам, јас издишувам,
издишките ги собирам и од нив правам книга)

Мислам дека читањето е слабост на современата македонска поезија, без читање нема збогатување на сопствениот поетски исказ. Треба да се боледува зборот, да се боледува поезијата, без болката нема напредок, нема поезија – вели поетот Михаил Ренџов, годинашен добитник на наградата за „Браќа Миладиновци“ на Струшките вечери на поезијата.
Ренџов наградата за најдобра поетска книга меѓу два фестивала ја доби за неговта книга „Јас.Елегии“. Ова е негова втора „Браќа Миладиновци“, првиот пат беше награден во 1982 за книгата „Нерези“. Во својата деветта децанија од животот, тој со нескриена жар зборува за поезијата, за својата, но и туѓата и за животот со неа, не пропуштајќи да ги нотира и критичните состојби на македонската поетска сцена денес.

Веста за добивањето на наградата „Браќа Миладиновци“ ја добивте со голема возбуда, иако по втор пат сте нејзин добитник. Што значи да се добие најпрестижното национално признание за поезија?

– Кога за „Нерези“ го добив признанието беше изненадување, а сега на 80 години е вистинска возбуда, дури не се сеќавам што кажав на доделувањето. Голема чест е да се добие ова признание. Најверојатно ќе ми треба одредено време да се смирам и да ги средам впечатоците.

За наградената книга „Јас. Елегии“ комисијата истакна дека е Вашето најзрело поетско дело, дали на некој начин таа е продолжение на поемата „Тој“ за која ја добивте наградата „Григор Прличев“?

– Во 1993 ја добив првата награда за поема „Григор Прличев“ , по повод 100 годинини од раѓањето на Вториот Хомер, тоа беше навистина многу голема работа – да се добие признание со името на таков великан! Исто е и сега во 2017 година кога ја добивам награда со името на Браќата Миладиновци. Ако тогаш пишував за Тој, сега пишувам за Јас, целосно сум посветен на себеси. Книгата има 63 сонети, најтешкиот поетски исказ, а жирито го пофали токму тоа. Многу ми е драго, но особено ми е мило затоа што дојдовме во тешко време за поезијата. Ме прашуваат – зошто уште пишуваш кога никој не те чита, никој не те прочитува, о жален, печален ти? Кога не би пишувал, не знам како би живеел и би преживеал спокојно. Овие сонети се дел од моето живеење. Јас живеам затоа што пишувам. Јас не пишувам, јас издишувам, издишките ги собирам и од нив правам книга. Книгата ја направив во здив-стил, ги нарекув „здишките на Михаил“.

Важите за еден од најдобрите препејувачи, но и проследувачи на македонската поезија, каква е таа денес, гледате ли свои наследници меѓу помладите поети?

– Искрено ме разочарува состојбата, затоа што по третата, односно четвртата генерација македонски поети спласнува занесеноста на поетите по поетскиот израз. Тие пишуваат, но не читаат, туку лајкуваат, речено со модерен јазик. Имаше едно претствување на една млада поетеса и тогаш рекоа дека имала 500 лајка, дека толку е популарна, читана. Мислам дека читањето е слабост на современата македонста поезија, без читање без збогатување нема напредок на сопствениот поетски израз. Треба да се боледува зборот, да се боледува поезијата, без болката нема напредок, нема поезија.

Интервју на Александра Јуруковска со Михаил Ренџов објавено на порталот cooltura.mk на 13.9.2017



Одбележување

УДК 929Пујовски, В.

80 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВАСИЛ ПУЈОВСКИ (1946–2019)

Пујовски е роден на 2 октомври 1946 во Дмбени, Костурско, со потекло од егејскиот дел на Македонија. Завршил Филозофски факултет во Скопје, а долги години работел во Македонската телевизија. Од 1968 е член на Друштвото на писатели на Македонија. Тој е автор на голем број дела за деца и возрасни. Пујовски беше уредник на „Шарам-барам“, „Чук, чук, Стојанче“, „Умни глави“, „Во светот на бајките“, автор на насловните песни од „Дајте музика”, „Здраво генијалци“, на детски хитови како „Никола, Никола“. Од неговото творештво се издвојуваат делата: „Светот на детскиот сон“ (поезија за деца, 1967); „Пред божји суд“ (поезија, 1969); „Ајде да се дружиме“ (тв-серија за деца, 1985); „Кралот Кускуле први“ (драма, 1992), што се играше цела деценија на сцената на Театарот за деца и младинци во Скопје; „Дајте музика“ (поезија за деца, 1994); „Прва лига“ (поезија за деца, 1995); „Звездено дете“ (избор поезија, 1999) и „Сверка без мерка“ (поезија за деца, 2000), а последните негови четири дела се во издание на Книгоиздателството „Звезда“. Пујовски е автор и на македонски хитови од „Макфест“ и „Златно славејче“, како, на пример: „Кога те нема“ што ја пееше Хелена Благне и „Никола, Никола“ на Оливера Лазаревска.

ЧУДНА НАСЕЛБА

Има во градот една ограда
на неа се напишани разни имиња,
каубојски чудни прекари
разноразни смешни презимиња.
На таа ограда
потпис има
од Робин Худ и Буфало Бил,
на таа ограда
штом таму минал
автограм оставил
„коњот од Нил“.
На таа ограда
нацртан стои:
тигарот страшен,
снажниот лав,
на таа ограда
кутриот глувчо
в ќошенце стои
премран од страв.
На таа ограда
вцртани има:
бонбони разноразни,
карамели,
на таа ограда
сè нешто има
слаткари разни
дуќани цели.
Од таа ограда
штом сите слики,
вистински станат,
живи се сторат,
населба една цела ќе стане
за неа сите чуда ќе зборат.

ОРОТО НА МИРОТ
Се фатија деца в оро
ај-аај,
ај-аај,
црни,
жолти,
бели,
на орото нема крај.
Се фатија деца в оро
отсекаде,
од целиот свет,
Џим
и Џон
и Валтер,
Сузана
и Кет...
Ај-аај
на орото немај крај.
Се фатија деца в оро
бесконечно,
најсеможен збир,
оро ширно за слобода,
без војни,
за мир.
Ај-аај,
Ај-аај
на орото нема крај.

ЧЕТКИТЕ НА УЛИЧНИОТ ЧИСТАЧ НА ЧЕВЛИ
Четките на уличниот чистач на чевли
знаат многу приказни,
за секој чевел по една,
кој каде патувал,
каде минал,
кој каде се извалкал,
зошто зинал.
Четките на чистачот на чевли
знаат и безброј фудбалски резултати,
знаат најдобро
кој чевел зафрлен седел,
кој чевел каде газел,
во што се валкал,
врз што се јазел.
Многу, многу нешта знаат
четките на уличниот чистач на чевли.



Одбележување

УДК 929Шипинкаровски, П.

80 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ (1946–2020)

Петко Шипинкаровски (1946–2020) – писател, поет, публицист, драмски автор, есеист и книжевен критичар. Роден е во селото Будимирци, Битолско. Основно образование завршил во Будимирци и Старавина, а со средно образование се стекнал во Битола. Дипломирал на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје. Член бил на Друштвото на писателите на Македонија, член на Здружението на новинарите на Македонија, почесен член на Друштвото на писателите на Србија и на Книжевното друштво на Косово и Метохија и надворешен член на Сојузот на независни писатели на Бугарија. Добитник е на многубројни награди и признанија. Издадени дела: „Откорнати души" (роман, 2003); „Петра" (роман, 2005); „Црна љубов" (роман, 2006); „Дабјак" (роман, 2009); „Златни обетки за Марија" (роман, 2011); „Децата на Марија" (роман, 2012); „Утринска молитва" (роман, 2015): „Кога тргнав Цвето во туѓина" (романизирана монографија, 2006); „Струшки сведоштва" (романизирана монографија, 2007); „Духот на војводата" (монодрама, 2003); „Крлеж на вратот" (драма, 2017); „Залезнина" (раскази, 2008); „Еден живот, една приказна" (раскази, 2016); „Разбранувани води" (раскази за деца, 2017); „Седело на орлица" (поезија, 2006); „Бели ветрови" (поезија, 2009); „Злоуми" (поезија, 2011); „Бели утра" (поезија, 2013); „Доаѓаат дождовите" (поезија, 2015); „Никулци во утрините" (поезија, 2017); „Саемско небо" (поезија, 2019); „Рудолф Арчибалд Рајс, за Македонија и за Македонците" (студија, 2006). Негови постхумно објавени книги се: поемата „Обденица" и збирката раскази „Вечен живот".

Молитва

Ова не е молитва за милосрдие, простување,
ниту ништожност за гревовите и избав
од темницата и лошите патишта,
ниту псалм непотребен упатен кон Бога.
Ова не е молитва за дарежливиот,
за дар и добрини што ни дава
неговото милосрдие, Господ Бог,
ниту милост за Негова награда...
Ова е молитва за „нас Грешните"
што скршнуваме од патеката на праведните
и наместо љубов непотребно:
страв во страдање на страдалници поминуваме.
Ова е молитва за колективните,
нечесните грешници;
предводниците, разбојниците, прељубниците,
профитерите, но и за благородните, порочните,
за простување, зошто на исток ведрина обгрнува.
Кротко, забревтано, од старото пристаниште
бродот, вкотвен заринкан на времето, се завлекува.
Ова е молитва, разговор со Бога,
зошто Негова е волјата
со проветрување да ги закрепнува едрата
од големите стравови...
Наспроти,
Зародување да има, нови никулци да никнат,
нови фиданки да стеблат...
Ова е молитва за мир и човекољубие,
За покајание, љубов и разбирање...



ТЕМАТСКО ОБРАЌАЊЕ

УДК 811.163.3'36:37.091.214(497.7)

ИЗУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ОБРАЗОВАНИЕТО (ОСВРТ НА ГРАМАТИКАТА НА КРУМЕ КЕПЕСКИ)

Димитар Пандев

Да се зборува за важноста на изучувањето на македонскиот јазик во образованието, со осврт на граматиката на Круме Кепески, а притоа да се имаат предвид наставните планови и содржини по предметот македонски јазик и литературата и, интерактивно, по другите премети на сите рамништа, по една излезна линија, значи да се навлезе во темата за ЛИНГВИСТИКАТА И ДРУГИТЕ НАУКИ, да се определи местото на лингвистиката меѓу хуманистичките и природните науки, да се определи местото на македонскиот јазик како трезор за јазичното богатство на природниот јазик, но и на јазикот на науката.

За да се постигне сето тоа македонскиот јазик, погледнато од денешниот момент на развојот на културата и технологијата во Македонија и светот треба и може, т.е. нужно и неопходно е да се постави на историската фреквенција меѓу ЈАЗИКОТ НА ОХРИДСКАТА КНИЖЕВНА ШКОЛА и ЈАЗИКОТ НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА во смисла: не само што... туку и...!

На оваа историска фреквенција, пред нас се отвораат две клучни прашања, едно рационално, – од областа на логиката и когнитивната лингвистика, т.е. на начинот на функционирање на човековиот ум, а второ – од историскиот развој на македонскиот јазик и образованието во Македонија. И секако, да се образложи накусо сето тоа (во 21 точка):

1. Што е заедничко, од аспект на когнитивната лингвистика, за јазикот на Охридската книжевна школа и јазикот на вештачката интелигенција?

2. Кој е клучниот или пресвртниот настан во историскиот развој на македонскиот јазик и литература?

3. Одговорот на првото прашање гласи: Концептот НАДЕЖ!

4. А на второто: КОДИФИКАЦИЈАТА СО НЕЈЗИНАТА ВРЕМЕНА ЛОГИСТИКА, во прв ред првиот Правопис и првата Граматика изработена во времето пред и потем осмислувањето на Резолуцијата за јазик и правопис (мај 1945 г.)

5. Концептот НАДЕЖ, врежан во човековиот ум го извлекуваме од исказот: НА ТЕБЕ СЕ НАДЕВАМ, именно во бога (според псалтирот), но и во човекот, во сето она што човекот го создал сам како творец и во комуникација со другите, и надежта во машината, т.е. компјутерот – вештачката интелигенција дека таа ќе ја изврши задачата.

6. Логистиката на концептот НАДЕЖ во вториот случај е: се надевам дека вештачката интелигенција ќе ми ја сработи домашната задача, а во првиот случај упатува на крајот на завршното гесло од Студената војна „Кога сите линии ќе прегорат“ или на јазикот на педагогијата: кој ќе ја види домашната задача, дури и во онаа смисла: БОГА НИКОЈ НЕ ГО ВИДЕЛ, што упатува на Страшниот суд, а според когнитивната лингвистика: ЈАЗИКОТ Е САД. Со други зборови: јазикот ја разбил можната хомонимија, но не и...

Во тоа е клучот на јазикот, во разбивањето на хомонимијата.

7. Да прецизираме, во јазикот на Охридската книжевна школа се оформи основната граматика на македонскиот јазик (онаа од содржина кон форма), при пренесување богатство од односи и форми својствени за човековиот ум и се реактивира исконскиот лексички фонд на македонскиот јазик. Со методот на интуиција, заснован врз методот на дедукција, одговорот го наоѓаме во Болоњскиот псалтир препишан на местото Рамне, во псалмот број 13: господъ оупьванье емоу естъ стих шести и соодветниот коментар: надеждѫ имажтъ господа.

Во само една мисла е кодирана македонската граматика, до која доаѓаме меѓу другото во потрагата по глаголската а- група во македонскиот јазик. Онаа новата што не му се допаѓаше на Самуил Борисевич Бернштејн, а беше восхитен од прераспределбата на глаголите според -е и -и групата. Со други зборови беше восхитен од дијалектолошките граматики.

8. Токму во тоа време, кога Бернштејн требало да пристигне во Македонија, Кепески веќе интензивно работел на првата Граматиката на македонскиот литературен јазик.

9. Некои го именуваат тоа време, како време на Втората јазична комисија, но недостасуваат факти за тоа, а вештачката интелигенција не може да помогне. Оние што знаеја, одамна ги нема.

10. Независно од тоа, МАКЕДОНСКАТА ГРАМАТИКА НА КЕПЕСКИ слободно може да се постави ВО КОНТЕКСТ НА КОДИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НИЗ ПРИЗМАТА НА СОВРЕМЕНАТА ЛИНГВИСТИКА.

11. Граматиката на Кепески се јавува спроти времето на описните граматики на литературните јазици. Во тој контекст, со Граматиката на Кепески започнува самостојното постоење на македонскиот јазик. Тоа се сообразува со погледот на Фердинанд де Сосир за јазикот сам за себе и само во себе, независно од другите фактори. Чиста лингвистика. Како концептот ЧИСТ во псалтирот.

12. За оваа граматика би истакнале: школска а национална. Раководена според наставната програма, а осмислена според потребите на Времето. Истото се однесува и за псалтирот, барем од времето на Климент Охридски до времето на Григор Прличев.

13. Оваа граматика претставува своевиден премин од историско посматрање на граматиката кон современо (описно и функционално).

14. Во тој поглед, интригантен е потписот во „Предговорот". Кепески го потпишува со „Писателот".

15. Се потсетиме ли на некои од писателите што први учеле по оваа Граматика, бездруго ќе ја препознаеме елитата на македонската книжевност (генерацијата родени приближно 1935 година). Да не ги пренебрегнеме и оние што предавале по неа, а немале друго нагледно средство, ниту пак знајби здобиени на други школи и јазици.

16. Граматиката на Кепески се јавува во предмугрите на социолингвистиката и потем белите мугри на современата македонска поезија.. А едно од клучните прашања што се изборува за особен статус во социолингвистиката е прашањето за кодификацијата. И тоа прашање нужно бара граматика. Прв меѓу првите ја изработува Кепески. Писателот.


17. Да се вратиме најмалку сто години наназад, од 1945 во 1848 г. во времето потем Француската револуција. Тогаш се активирале околу шеесет јазици во Европа и светот. Нив ги има засведочено во книгата "Јазиците на светот" зад која стои Антоан Меје, меѓу нив го има македонскиот јазик. Потем Втората светска војна во светот се активираат скоро три илјади јазици (или 2763). Точниот број го има во Граматиката на Кепески за средно образование, по која се учеше до 1998 г. Првата Граматика потем Втората светска војна е Граматиката на македонскиот литературен јазик на Круме Кепески. Меѓу првите ја поздрави Антоан Меје. Време е тоа на описни граматики, а Граматиката на Кепески е чудесен спој меѓу историските граматики и структуралистичките.

18. Пејчиновиќ кој беше спомнат вчера во Собраниево, би рекол, ДА СЕ ЗНОЕТ, ДА СЕ ЗНОЕТ...

19. Беше спомната и НАДЕЖТА ВО ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА. Ја спомна академик Живко Попов. И тоа треба да се знае.

20. Ја доловува ли вештачката интелигенција МОДАЛНОСТА ВО ЈАЗИКОТ, т.е. становиштето на зборувачот кон јазикот? Одговорот е: ДА, но дали во сите нијанси??? Или да се продолжи со: становиштето на вештачката интелигенција кон јазикот.

21. Важно е да се предвиди, да се провери, да се потврди! Заради важноста на наставата по македонски јазик во образованието!!!


КРУМЕ КЕПЕСКИ

МАКЕДОНСКА ГРАМАТИКА

Со решение од Министерството на народната просвета на Македонија бр. 343, од 24. I. 1946 г., се одобрува оваа граматика за учебник во средните училишта

ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ 1946



Студија

УДК 811.163.3'282'373

ПОЧЕТНИОТ ВЛОГ НА КЕПЕСКИ ВО МАКЕДОНИСТИКАТА

Васил Дрвошанов

На почетокот од написот ќе укажеме на фактот дека во македонскиот дијалектен ареал, врз примери од струмичкиот говор, одделни лексеми се преобразуваат на семантички план. Притоа, ќе дадеме образложение за лексемите *кара*[1] и *кара*[2], а потоа ќе се осврнеме и на лексемите *тера* и *бара*.

Лексемите *кара*[1] и *кара*[2] се хомоними и затоа се означени со бројот 1 и со бројот 2 во супскрипт. Едната лексема (*кара*[1]) се стандардизирала во македонскиот јазик со првичното значење '1. Прекорува, укорува некого', а на дијалектно рамниште е нотирана со вторичното значење '2. Напаѓа некого или нешто'. Истата лексема е стандардизирана и со значењата '1. Се лути на некого или на нешто' и '2. Се расправа, влегува во кавга со некого' во *Толковниот речник на македонскиот јазик*, II/2005. Кирил Конески (гл. ред.). Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков": 479.

Оваа лексема е општословенска, којашто произлегува од прасловенската лексема **kariti*, според Георгиев (*Български етимологичен речник,* II/1979. Вл. И. Георгиев (ред). София: Издателство на Българската академия на науките: 236, 651) и според Скок (Petar Skok. *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, II/1972. Zagreb: Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti: 155–156).

Наспрема лексемата *кара*[1], во македонскиот јазик како дијалектизам е забележана лексемата *кара*[2] којашто упатува на лексемата *тера* (Конески II/205: 479).

Во врска со потеклото на лексемата *кара*[2] нема единствено мислење. Некои етимолози сметаат дека таа произлегува од латинскиот јазик **carrare* < *carrus* 'кола', келтски *carros* 'кола' (Георгиев II/1979: 235–236).

Лексемата *тера* во македонскиот јазик е евидентирана со голем број значења, сп. '1. а) Управува со запрежна кола, б) Управува со превозно средство, вози'; '2. Води, гони добиток пред себе'; '3. Носи, пренесува товар со животно и со запрега'; '4. Предизвикува некаква психичка, физиолошка реакција, поттикнува на нешто, предизвикува нешто'; '5. а) Присилува некого да си оди, да се оддалечи; брка, гони, б) Прави нешто да исчезне, отстранува'; '6. а) Движи нешто пред себе, со туркање, тркалање и сл., б) Стави во движење, придвижува'; '7. Води некого пред себе со сила, присилува некого да се движи'; '8. Чешла'; '9. а) Наговара, присилува, наведува некого на нешто, б) Предизвика нешто, доведе некого во некаква состојба'; '10. Продолжува да прави, да врши нешто'; '11. а) Живее, б) Живее на определен начин, се придржува на некаков обичај, навика'; '12. Навлегува во извесна возраст'; '13. За растение – развива, пушта'; '14. Има определен дострел, дофрла', ○ се ~ 'За животни – се пари' (Конески, VI/2014: 51–52).

Како што може да се забележи, лексемата *тера* има широка лепеза значења, но меѓу богатата семантика ги нема значењата на лексемата *бара* '1. Сака, посакува нешто од некого; му сака нешто на некого'; '2. Изискува, има потреба за нешто'; '3. Настојува да најде некого или нешто' (Конески II/2003: 89). Токму овие значења на лексемата *бара* ги има лексемата *тера* во струмичкиот говор.

Меѓутоа, треба да споменеме дека глаголската лексема *бара* не се среќава во струмичкиот говор. Во струмичкиот говор се среќава единствено именската лексема *бара* со значењето 'Застојана вода во подлабоко место на површината на земјата' (Конески II/2003: 89).

Толкувањата на лексемите *кара*[2] и *тера* нè упатуваат на размислата дека одделни лексеми на македонската дијалектна територија се преосмислуваат во текот на историјата или чуваат стари значења, опстојувајќи во оддлени ареали од македонското дијалектно подрачје. Потврда за тоа, меѓу другото, се лексемите *кара*[2] со широката лепеза значења, и *тера* со значењата на лексемата *бара*.



Проза

УДК 821.163.3-31(082.2)

ТРИНАЕСЕТТИОТ (ИЗВАДОК)

Лидија Димковска

Куќните совети во Висококатницата секогаш се одржуваа во подрумската просторија, околу масата со дванаесет стола и два престола, од кои едниот речиси секогаш беше празен – оној на Месечко. Зад нив беа наредени додатни столови, во случај да дојдат сопругите на станарите, или можеби и нивните деца, иако најчесто беа непожелни. Јунец, пак, беше персона нон грата во подрумот, не смееше да го премине прагот. *Знаеш што е тоа персона нон грата?*

Присуството на дванаесеттемина станари чии имиња беа напишани врз влезните врати, се подразбираше. Претседателка на Куќниот совет, секако, беше Година Тристашеесетипетковска. На секои четири години го менуваше презимето во Тристашеесетишестковска и секојпат се жалеше дека ѝ биле потребни многу документи за да го смени, а и многу долго стоела пред шалтерите во Матично. И што е многу интересно – промената на презимето секојпат се покажуваше и врз нејзиното тело – тоа како да стануваше малку побуцкаво, ама и повисоко. А кога се враќаше на презимето Тристашеесетипетковска, како да губеше некој килограм и некој сантиметар.

Ама на овој состанок на Куќниот совет Година не беше ни иницијаторка ниту поканета. Ова беше прв состанок на куќниот совет без Година и се подразбираше дека ќе го води Коложег Јануарски, зашто негова беше идејата за состанокот. Секако, Гроздобер Септемвриски ќе се побуни дека тоа не е демократски и ќе побара да се гласа за тоа кој ќе го води состанокот.

Прв, како и обично, се нацрта Сечко. Си го зазеде својот стол, вториот по ред, заборавајќи дека Коложег овој пат ќе седи на чело, а не покрај масата. Година на сите состаноци на Куќниот совет многу се нервираше со Сечко – состанокот почнува во шест, а не во десет до шест, му велеше. Особено се нервираше што Сечко секогаш ги носеше и децата – сите пет. Првите четири ќе се раскокаа врз столовите околу масата резервирани за станарите, а петтиот ќе почнеше да прска со спрејот врз ѕидовите создавајќи во мигот необични слики, букви или ликови, и Година веќе вриеше од нервоза: „Добро, мора ли секогаш да ги носиш и нив? Не можат ли да останат дома, и онака Февруарка не доаѓа?“ Ама Февруарка одвај чекаше децата со Сечко да излезат некаде, за да здивне, како што велеше. Мир и тишина во гарсониерата на единаесеттиот кат – такво нешто постоеше само во ваквите ретки мигови, кога Сечко и децата беа излезени. „Февруарка мора да здивне“, одговараше Сечко, а мајка му ќе го убиеше со поглед. На состаноците на Куќниот совет Година се однесуваше како дванаесетте станари да не се нејзини синови и ќерка, туку вработени кај неа, а таа им е директорка, што и не беше далеку од вистината. Особено не ја поднесуваше отсутната жена на Сечко, ја сметаше за виновна што родила пет деца наместо едно, колку што можеше да собере гарсониерата на единаесеттиот, најтесниот кат во зградата, и колку што можеше да поднесе платата на Сечко, најниска од сите во зградата. Да, постоеја детски додатоци, ама тие беа толку мали што Февруарка со нив можеше да докупи само сол и шеќер. „Бабо, бабо“, викаа децата и ги фрлаа материјалите, додека последното, најголемото, секојпат намуртено и облечено во црно, испишуваше нешто врз ѕидовите, а таа грмеше: „Или ќе седите мирно во последниот ред или ќе ве избркам! Тука не сум баба туку претседателка на Куќниот совет!“

Овој пат, во отсуство на мајка си, Коложег му се врекна на Сечко: „Мали, мора ли секогаш да бидеш прв? Нели ти реков дека нема потреба да дојдеш? И тоа сосе деца?“ Сечко промрмори дека дошол за да им каже дека го оставил турбомаксот ако му е потребен на гостинот, ама не стана, а децата се бркаа околу масата и врескаа додека најголемото во мигот нацрта врз ѕидот душек со натпис „гроб“. *Што мислиш, што сакаше да каже со тоа?* Сечко го игнорираше, а другите ги мирише со раката, со прстот пред уста, ама децата го игнорираа него. Кога Коложег рече дека е доволно, дека сега сам за уши ќе ги однесе горе кај мајка им, полека се смирија и седнаа на последните столови. Пак му дофрли на Сечко: „Мора ли секогаш и нив да ги носиш?“ А Сечко мирно одговори: „Ама, бато, а како утре ќе знаат што е тоа Куќен совет?“ „Да, ама не треба сите пет да знаат! Еден избери што ќе ти биде наследник и него носи го! Само не последниов!“ „Мене ми се сите наследници“, си помисли Сечко со наведната глава, ама не рече ништо. *Кој би бил наследник/чка во твоето семејство?*

Останатите станари дојдоа кој сам, кој со семејството. Марта влезе целата бесна: „Токму денес ти текна да свикуваш Куќен совет? Да знаеш дека ќе останам само на десет минути, потоа сум на масажа!“ „О, Марта е на масажа“, се насмеа Седмица. „А за каде се спремаш, ако можеме да знаеме? Имаш натпревар по карате, по џудо или по аикидо?“ „Ако не си знаела, секој последен петок во десет часот одам на масажа!“, ѝ одврати Марта. „И јас имам договорено“, рече Окта, иако никој ништо не ја праша. Коложег го повиши гласот: „Седнете веќе еднаш и да почнеме! Имаме сериозен проблем, а вие трошите време за глупости! Ова е вонреден состанок на Куќниот совет и нормално дека моравме денес да го свикаме, и тоа во десет претпладне! Утре ќе биде предоцна!“ „А за мојот Јунец сè е предоцна“, залипа Јунона. „Секојпат само Јунец, Јунец, аман веќе!“, свика Коложег, „жив е, значи има време!“ „Да, ама и проблем“, прошепоти Јунона. „Сама реши си го“, промрмори Жетвар, а Марта помисли: „Брат ми пак нешто е лут на жена си. Е, затоа не сакам да се мажам!“

На крај, Коложег неколкупати удри со белиот бастун врз подот за да ги стиши присутните и состанокот можеше да почне. Грозде веднаш предложи гласање за претседавач на состанокот на Куќниот совет, но сите му се нафрлија: „Какво гласање! Коложег го свика Советот, тој нека го води!“ „Ама не е демократски“, изјави Грозде, но никој не го слушаше. Коложег, кој веќе седеше на чело на масата, соопшти дека на дневниот ред има само две точки: 1) Празнење на подрумот поради престојот на гостинот на Месечко и 2) Разно. Тревен крена рака и предложи да почнат со втората точка, за да можат потоа на мир да ја разгледаат првата. „Тревен, не тропај зелени“, му одврати Коложег. *И вие на училиште состаноците почнувате од последната точка Разно, или од првата?*



Поезија

УДК 821.163.3-1

СЛЕПИ СЕНКИ

Даниела Андоновска-Трајковска

ПАПОЧНА ВРВКА (ЗАРЕЗ 17)

кога ќе помислиме дека
со ништо не нè врзува веќе куќата што нè родила
и дека ништо во неа не е наше
одеднаш од никаде папочната врвка
ќе ни се испречи како оптегнато јаже пред чекорот
и ќе ни го искорне расклатениот млечен заб
под кој sирка бела иднина

СЛЕПИ СЕНКИ

има сенки невидливи со голо око
зашто други сенки паѓаат врз нив
сенки од висококатници, згради и облакодери
кои се држат на влакно од гнила идеја,
истрошени куќи во кои живее осаменоста,
сенки со замрзнати зборови под јазикот
одбиваат да истечат
од другата страна на комуникацијата
имаат страв од височина
зашто некој некогаш им рекол
дека не е возможно да се чекори слепо
на жицата од сонот
и да се одржи рамнотежата на јавето
и дека соништата никогаш не се остваруваат
колку и да ги притискаме очните капаци
со опачината на дланките
и дека ако сепак светлината одлучи
молскавично да нè погледне среде мракот
сами ќе ѝ го предадеме виделото
за да продолжиме да живееме
во удобната сенка
на јажето што над главата ни виси во јамка

НАДЕЖ (РЕЗ 24)

во болка се раѓа животот
и со бистар поглед ни ја враќа надежта
што сме ја изгубиле кога сме биле усмртени
од некакви обични возгордеани зборови
на кои многу значење сме им придавале
иако сме знаеле дека се само леплива глина
затестена од плунка

ЕДНА ФЛЕКА УПОРНО ЗЈАПА ВО МЕНЕ

мојот живот е живот на инсект, вели жена ми,
никој не ме забележува во собата
сè додека не почнам да зујам на фреквенција од 120 децибели,
колку да добијам смртоносен удар
по кој ќе ме паметат
како крвава флека на ѕидот –
ми се пожали еден непознат човек
во чекалницата пред шалтерот
на кој и двајцата си го остававме
на штедна книшка тоа што сме го заштедиле
тој – секундите на земјата
јас – мислите што зреат на небото

одеднаш и мислите мои почнаа да зујат
и да ми се пикаат в очи за да ги забележам
немав ниту сила ниту волја да ги замолчам
ниту да им кажам дека ќе ги усмртам
со еден удар со раката ако не замолчат
зашто мислите се мисли само кога молчат

една флека на ѕидот упорно зјапа во мене
кој знае што си мисли кога ме гледа
како го умножувам времето на земјата
со секунди позајмени од небото

ВИСТИНСКИОТ ЧОВЕК Е ИЗГНАНИК ВО СВОЈОТ КАФЕЗ ОД ВОЗДУШНИ КОСКИ (ЗАРЕЗ 36)

вистинскиот човек е изгнаник
во својот кафез од шарени пердуви
и воздушни коски
затворен во својата осаменост
а слободен во времето и невидлив

на општествата им се потребни илјадници години
за да се погледнат однатре
и да се исплачат убаво за да им олесни
преку некоја поплава или потоп или вода
на која повторно би запловила арката на животот

ЗАБОРАВЕНО ВРЕМЕ (ЗАРЕЗ 39)

Некој си го оставил времето да го чека
На крајот на една замрзната реченица
И заборавил да се врати по него

Времето останало да чека трпеливо
Без да изгуби ниедна секунда
Без да знае дека е заборавено
Исушено меѓу кориците на една стара книга
Како заљубена детелинка со четири листа

Поезија од „Царски рез на небото“, Матица, Скопје, 2025



Расказ

УДК 821.163.3-32

ВОЦКО

Јовица Илиќ

Во Никуљане постоеа денови во кои како ништо да не се случуваше, деновите минуваа некако без наслов, без некаква најава за нешто. Тоа беа денови кога дождот ги мокреше дворовите и ливадите и селото тихуваше. Огништата по куќите беа како мали светилници на семејно дружење, се раскажуваа приказни и се споменуваа некои времиња стари и чудни. Облаците го закриваа сонцето и како животот да имаше некоја друга страна, сосема обична, но, сепак јасна. Такви денови имаше во Никуљане, кога секој беше со себе самиот. Тогаш Воцко, кој беше маалски овчар ги посетуваше домовите. Беше млад и имаше доволно години за да се жени, но беше чуден, некако посебен во нешто, имаше Воцко и своја причина зошто беше таков, се кажуваше дека неговиот татко додека печел ракија му давал од ракијата на неговиот син, поточно постар брат на Воцко кој имал само пет години и дека детето починало од труење на алкохол. Се кажуваше дека и самиот Воцко носел во себе некоја траума нешто што го повредило и го тргнало на една друга страна, можеби неразбрана или тајновита. Но никој целосно не ја знаеше причината за Воцко зошто е таков каков е и го знаеја како селски овчар. На главата носеше крзнена капа од овча волна, под која стоеше неговото лице намуртено и со израз на некаква нејасност. Кожата му беше црвена од ветровите и од сонцето на кое секојдневно беше изложен, мирно пасејќи ги овците на маалските стопани. Во рацете носеше дебел дренов стап, стапот изгледаше цврсто и замастено од тоа што ретко кога Воцко се разделуваше од него. Носеше стари износени алишта и зиме и лето не ги менуваше па често во летните денови, од челото на Воцко капеа капки пот, но никогаш не ги менуваше алиштата, како да не ја чувствуваше жештината, како да доаѓаше од некое друго време. На рамото носеше платнена торба на неколку места закрпена, но, сепак низ торбата имаше понекоја дупка. Во неа Воцко го носеше она што селаните му го даваа, ракија, леб, понекое јаболко или пита. Чекореше со чекор со кој како да накривнуваше, но никој не можеше да види некаква неправилност во неговиот став, од таквите движења кучињата се вознемируваа, го лаеја, додека тој гласно им викаше и сите во маалото можеа да слушнат дека доаѓа. На Воцко секој можеше да му даде понекоја мала работа низ куќата, на пример, да исече некое дрво, да премести некоја вреќа, да растовари приколка или да премести некој камен. Не одбиваше, знаеше дека за својата работа ќе му се даде нешто со што тој секогаш беше задоволен, впрочем тој не бараше ништо освен ракија. Кога ќе пивнеше очите како да му се отвараа, неговите густи веѓи се подигаа кон челото и Воцко ја стегаше малата чашка со целата дланка, ја држеше како да беше мала птица што во секој момент би можела да побегне.

Селаните често играа мајтап со него го задеваа, бидејќи Воцко секогаш поставуваше прашања, неговите прашања немаа крај. Прашуваше за сè и сешто од тоа кој ги цепел дрвата, па колку леб домаќинката пече, или со што ги хранат кучињата, па во колку домаќините си легнуваааат, таквите прашања најчесто беа заморни па селаните се шегуваа со него и бидејќи живееше сам, речиси секогаш му велеа дека ќе го оженат, а Воцко дури и тогаш не застануваше со поставувања на прашања, па ќе продолжеше, од каде е девојката, колку е стара, дали знае да меси леб, дали има долга или кратка коса, со кој ќе оди да ја проси и сè така до недоглед. Тогаш се смееја селаните со него и измислуваа секакви приказни, а Воцко вртеше со очите де на едната де на другата страна како да сакаше да ја открие сета тајна на светот.

Се кажуваше дека еден ден во таквите денови без наслов, Воцко тропнал на вратата во куќата на Тодор. Тодор беше строен човек силен по стас виток и подвижен. Беше познат по својата гостопримливост, неговата куќа беше до селскиот пат и речиси секогаш во неговиот дом имаше по некој гостин. Тој ден Тодор и Крсто седеа близу огнот онака потпивнати и загреани од гроздовата ракија, разговорливи и со отворени срца. Кога го видоа Воцко, како стои пред куќниот праг, „Ајде влези што си застанал" му викна Тодор, Воцко влезе и веднаш почна со прашања. Чија е ракијата? Кој ја печеше? Дали од бело или црно грозје, дали пијат домаќините сливова ракија... „Воцко", му дофрли Тодор, „денеска ќе провериме дали ќе те земе девојката". Тодор како да имаше смислено некој план, Крсто погледна кон Тодор и онака другарски му кажа, „да, да, но да видиме каков јунак е Воцко, девојката сака силни мажи", а Воцко продолжуваше. Дали ќе ме сака?, Па што да ѝ правам ако дојде кај мене? ... Тогаш на вратата се појави Борис, беше познат по разговорливоста и вистински јунак за

пиење вино. Тодор му намигна и му кажа дека денес ќе се провери дали Воцко ќе го сака девојката. Борис седна на малото триножно столче кога Тодор, веќе ја полнеше чашата со црвено вино. Борис ја голтна речиси цела и ја подаде Тодор да му стави уште една. Воцко седеше на столчето кога Тодор му довикна „ајде стани", Тогаш Тодор го зеде во раце неговиот мачор Мики и почна да го гали. Мачорот предеше и го вовлекуваше своето тело до градите на Тодор. А Тодор продолжуваше да кажува: „Воцко овој мачор е првиот сват, тој знае дали девојката е за тебе", додека Воцко повторно продолжуваше со прашања, „ а фаќа ли глувци", „а каде спие", „пие ли млеко" ... Тогаш Борис му одговори „не само млеко Воцко овој мачор пие и вино, а кога ќе одиме во сватови да ја земеме девојката ти ќе го носиш во раце и ќе му даваш да пие вино", Крсто се смееше, а Тодор продолжуваше, „Застани овде, еве овде мирно", Тодор потстана за да го намести Воцко така како што треба, „мора да бидеш издржлив и цврст, јас ќе ти го фрлам мачорот на тебе, ако застане на тебе значи девојката те сака ако не, тогаш ништо, значи девојката не те сака". Воцко стоеше некако зачуден, ги истури своите гради напред, чекајќи го мачорот сват да покаже дали девојката ќе го сака. Во собата како да се одигруваше некаква сцена, сите како да беа внесени во игра, единствено Воцко чекаше да знае и да си најде одговор дали девојката ќе го сака. Тогаш Тодор застана на неколку чекори од Воцко и додека мачорот уживаше во милувањето предејќи, се случи неочекувано Тодор да му го фрли мачорот на градите на Воцко. Мачорот ги зари острите канџи во дебелата волнена блуза на Воцко, почна да го гребе, и сè подлабоко да ги забива своите нокти. „Оф, оф, оф", почна да вика Воцко. Немој да офкаш мачорот сват сега ќе покаже дали девојката те сака. Тогаш мачорот видно вознемирен успеа да ги откачи своите нокти од блузата на Воцко и скокна право врз масата, а оттаму се скри зад креветот. Гледаш рече Тодор, девојката не те сака. Во собата сите се смееја, А Воцко продолжуваше со прашања: Дали мачорот пие црно или бело вино? Дали девојката има брат? Кој ги стриже овците?" И се така до бесконечност додека во собата беше вистински театар. Можеби ако беше домаќинката на Тодор дома немаше да има таква драма, но таа беше во Куманово на пазар, беше позната по тоа дека ги плете најтоплите волнени чорапи.

Воцко трепкаше со очите чекајќи го мачорот Мики од некаде да се појави. Ја стискаше чашата со ракија и си ја местеше капата на главата за да си оди.

Имаше такви денови во Никуљане, денови без наслов кога играта како да ѝ пркосеше на судбината, кога денот не можеше да ги врзе човековите слабости па ги претвораше во смеа. Тогаш и мачорот стана актер и сват и кој би знаел дали во тие денови Воцко нешто можеше да научи или единствено што можеше е да го продолжи својот пат низ никуљските ливади, пасејќи ги овците загледан во бескрајот на небото со безброј прашања и чуда во кои беше сам.

Од збирката „Раскази од Никуљане"



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПЕСНИ

Алдо Климан

JAHSA

Со сонот го измерив тој час
целото дно на мракот јас.
Окото во ноќта влага.
Светлините искричави
пред мене губат трага
ко мали станици на тмајот.
И гасне на искрите сјајот.
Да мавташ треба
и да ја викаш ноќта,
оти скалите грди нужно
се спуштаат надолу кружно.

* * *

Чудото на механичкиот космос
не се планетите и ѕвездите
задремани во рамнотежата на бескрајот.
Чудото на идеален бескрај
се убавите и чисти мисли
што како пеперутки летаат лесно
над ридовите и висорамнините на времето.
Понекоја од нив
слетува на оваа белина
и кој знае зошто останува тука.

* * *

Ако мислиме за силите на лостот –
та зарем Њутн не ја впрочем
со зборови поместил Месечината?

* * *

Така нежна и бела
така замотана со магија,
тивко загледана во длабочината на сонот,
спие Катја.

Што ли презема,
што дава?

Можеби само нејасен спомен
на ноќта што повикува,
на благиот, виртуелен ритам на клавишите
кои по бинарните галаксии
го сееја волшебството на љубовта.

СТРАВОТ Е НЕОПРАВДАН

Стравот е неоправдан,
бидејќи ништо поголемо од Животот, како Смртта на пример,
не расправа за причините и последиците.

Ни судницата ни поротата ни јавноста –
само Судијата во мрачната апсида.

Стравот е непотребен,
бидејќи пресудата е правосилна
и веќе се спроведува.

Мастило, Упивател и Печат.

НЕШТАТА НА ВОЗРАСНИТЕ

На Ана, Диего и Катја

Нештата на возрасните болат.
Во синилото –
треви полегнати,
нежности неповратни.

САМО ПРЕСПИ УШТЕ ОВАА НОЌ

Само преспи уште оваа ноќ
како дете заспано на работ на светот.
И спиј, без сни и полусни,
бидејќи тие се само расфрлен товар
на бермудската патека на безимен брод
со изгубениот багаж
на уморните спијачи и сонувачи.
Сомнамбулските пристаништа и заливи
се холограми на чекалниците
без биро за загубено – најдено,
оти знаеме... сè е изгубено –
и само патува по темната страна
дури ни за гусарите на соништата знајна.

БЕРБА

Смртта тропка по черепите
како по црни лубеници.
Ја бара најдобрата, стасана, зрела,
на црниот камен да ја расцепи
и од црниот брег на црната река
како црни семки плука црни мисли
што се раѓаа некогаш таму.

Еве, тропа по мојот череп;
полека го крева на црниот ветер
што ги свива црните чемпреси.

Ја гледа од сите страни
на црната дланка од испружената рака,
му зборува како Хамлет на Јорик
своето црно уво го припива до моето чело, наслушнува...
„Ама не, сè уште е прерано, сè уште е полна со песни,
сè уште се храни со црно вдахновение".

Внимателно ја става на нејзиното место
на бескрајното поле од црни черепи,
под црниот повит на црните претчувства.

ЗОШТО ГРОБ

Зошто црн гроб и епитаф над зборовите премолчани?
Нека од гробиштата ветрот ги разнесува како залудна прашина,
со грутките сув троскот и црното лисје под црното сонце.
Во рамнодушната темнина е сместен ковчегот на чистите мисли,
и никому не му треба тоа тивко азно, згаснато во молкот на црните длабочини.

* * *

Помисли:
Можевме да знаеме
дека ветерот сур
душите ќе ги прогне
над кладенецот темен,
над водата, шумата ...
и дека зимата студена
со студено сребрило
ќе го роси синилото
на саатите одминати.

Можевме да знаеме
дека тешките клатна
во полноќта нагла
во маглата ќе бијат ...
и дека пред нас,
еве вечерва,
таа јаболка златна
во модрото стакло
ќе падне шумно
во просторот наглув.

* * *

Што е со внатрешноста на огледалото?
Ги спознава ли тоа дамките
на својата надворешност,
сè уште способна
да ја одрази убавината?

Не. Само како рибино око
зјапа во просторот шарен
кој не е, како времето,
исто кон излишноста закривен.

Изборот и преводот од хрватски јазик е на Фима Клетникова



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПОЕТСКИ ИГРИ

Зоран Јакимоски

ТАТКОТО И СИНОТ
На едната страна застанал Синот
а од другата Таткото

Го гледа Синот Таткото ја врти главата љубопитно
и не му се верува
А Тој ја истурил торбата со најразлични реквизити
ѓаволесто ја поткрева веѓата
и се смее со прикриен кикот додека праќа
една ракета кон Северниот Пол
втора кон Јужниот
и трета кон Екваторот
Ха-ха вели ајде да видиме каде ќе паднат!?

Отспротива гледа Синот со неверување
ладна пот му го облива телото
му тече надолу по рацете до дланките
стиснати до крв во тупаница
и како во гнев низ шепот прашува:

Quo vadis Domini???

ПО ДОЛГО ПАТЕШЕСТВИЕ
Вечерва по долго патешествие
сонцето си отпочинува
во твоите дланки

Месечината зајадливо се смешка
додека лебди меѓу крошните

Ти си сосема задоволна...
Речиси сè што посакуваш
ти е на дофат на рацете

Ја проучуваш мојата трпеливост
Ја ставаш под микроскоп

И кој знае каде ова ситно чудо
што се подготвува овде
ќе биде дочекано со восхит

ДОДЕКА СИ ИГРАМ
Додека си играм
со твоите тенки прсти
Додека си спомнувам
на онаа Лола на Лорка
што пее саети
а на соседната маса
сè уште го фалат Карл Маркс
велам те сакам и тоа е точно
Ама сосема друга работа е
прашањето за твојот вокабулар
Списокот на твоите желби
Датумот на којшто најчесто си наградувана
Денот кога најмногу се смееш
Кога прелистуваш книга
дали тоа го правиш
со показалецот или со средниот прст
Колку пати во неделата
и дали воопшто јадеш месо
а колку пати риба
Кој ти е омилениот коктел хотел хостел
најдрага книга – поет
Каде наоѓаш инспирација
Што те вознемирува
Кој број чевли носиш
и колку високи потпетици
Дали сонуваш еднорози
Веруваш ли во приказни
Дали останувaш на работа
подолго од осум часа
На што најмногу го трошиш
слободното време
Кога пишуваш
користиш ли интерпункција или не
Колку од својот живот
вградуваш во стиховите
и колку од него оставаш само за себе?
Се замислувам и се чудам...
А велам те сакам

КАНТИЛЕНА 3
Улицата мириса на бензин и липов цвет
Во далечината се слуша возот
што патува од Битола за Сежана
и којшто овде поминува точно
во 12 часот и 15 минути

Во малкуто време што ни преостанува
се обидувам да поентирам:
Неодминлива си како судбина
како годишно доба циклично што се враќа

Јас зборувам а ти молчиш
Меѓу нас расте невидлива преграда
како жива ограда стасана за поткаструване,
како подвижен ѕид

Јас видов што може да донесе ноќта
и што може да однесе денот
И видов и разбрав и никакво каење
не може да влијае врз она што иде

Возот го однесува ужасот од недоразбирања
и незбиднати допири на кои се потсетувам
секогаш кога вагоните штракаат зад јасиките
убеден дека никогаш нема да знам
на кое депо ќе останат за на[LP1.1]



Расказ

УДК 821.163.3-32

ВОЈНАТА СОН ИЛИ ЈАВЕ

Трајче Кацаров

Со мојот колега по перо, по десетина години од завршувањето на заедничкиот проект, се сретнавме сосем случајно во градот што не беше ниту нему, ниту мене, познат. Додека седевме во еден од многуте ресторани на пешачката улица, загледан низ прозорецот, ми рече: „И јас бев во војната". Според годините кои ги има претпоставив за која војна станува збор. „Во едно од селата" - продолжи свртувајќи се кон мене - „во која беше стационирана нашата единица, еден од селаните што се вртка околу кампот, ми пријде, ме разгледа од главата до петиците и праша: „Војниче, што бевте во стварниот живот?" Морам да признаам, прашањето ме збуни. Бидејќи не доби брз одговор, селанецот тргна кон другиот војник што беше на неколку чекори подалеку од мене. Гледав во селанецот кој го беше навлекол качкетот на главата така што на местото каде требаше да му се ушите, се подаваа крилја. Крилја на не така мала птица. Беше ситен на изглед, ама прашањето му беше крупно. Додека одеше од војник на војник сфатив дека кутриот не прави ништо друго, освен што бара некој што ќе му потврди дека војната е сон. Сон кој се бори против будењето навреме.

МЕРКА

Сè треба да се прави со мерка. Ништо преку неа. Зашто мерката е свест. Несвесното доаѓа од прекорачување на можноста. Несвесно е ако Арман Дуплантис сака да ја прескокне Емпаер стејт билдинг, Бимон, Тихиот океан, Џоковиќ и Модриќ да останат на теренте до времето кога бастунот ќе им биде нужна трета нога.

Пировата победа е победа без мерка. Омразата треба да е со мерка, како и љубовта. Ако Ван Гог знаеше за мерка во љубовта не ќе имаше потреба да ја држи шаката врз запалена свеќа до болка, немаше да си го отсече увото.

Мерката е знак за совршенство. Само животните, птиците, инсектите и растенијата знаат за тоа, зашто ја имаат во себе. Птиците не се хранат со тикви и лубеници, змиите не голтат слонови, жирафите не брстат ѕвезди. Нема пијани коња како што нема до уши вљубени свињи. Лавицата на лавот не му ја фали гривата, притоа да мисли дека смрди. Лебарките не делат награди за најбргу претрчување преку лизгав под.

Мерката е закон. Животните, птиците, инсектите, растенијата не знаат за друг освен за законот на природата. Знаат за мерката што нема реплика. Има таков пример во литературата. Кога во Макондо на Маркес, природните закони ги заменија оние на општествената заедница, правосудните органи ја погребаа правдата.

ГЛАВА

Со свинската глава во ранецот, недопрена во семејната гозба, одам кон виќендичката каде трите кучиња и двете мачки ја чекаат дневната доза. Горам од желба да им ја видам реакцијата по приложеното јасје.

Како што чекорам, како што се приближувам до целта, така свинската глава ми станува сè потешка. Во мислите се навраќам на грозоморното убиство за кое со месеци се раскажува во градот. Возрасен маж си ја искасапил сопругата. Полицијата ги нашла сите делови од телото, освен главата.

КАСНАТ ОД ЗМИЈА

Тоше алпинистот додека лежел покрај карпа на падините на голиот рид, го каснала змија. Брзу скокнал на нозе и пешки отишол во првата амбуланта. Смирен како и секогаш, го прашал докторот дали имаат серум. Докторот му одговорил со прашање-"Зошто ти е серум?" „Ме касна змија." – му одговорил Тоше. „Сместете се на креветот во собата, веднаш доаѓам." – му рекол докторот.

Во посочената соба само еден од трите кревета бил празен. На оној до прозорецот лежел поп, а на оној до ѕидот полицаец.

На Тоше алпинистот ниту на крајот од умот не му било да легне помеѓу поп и полицаец.


Го пречекал докторот во ходникот.

По лекарската интервенција Тоше алпинистот, здрав, прав, се спуштил од Горниот свет и си тргнал кон дома.

НИШТО ПРЕДВРЕМЕ

Уште од дете е така. Ништо не сум добивал кога за тоа сум молел, плачел, прсти кршел, коси корнел. Грамофон добив кога веќе не ми беше важно дали ќе добијам. Така беше со велосипедот и со автомибилот. Дипломирав кога помислив дека никогаш нема да дипломирам. Се вработив кога помислив дека никогаш нема да се вработам. Ја сретнав кога помислив дека никогаш нема да ја сретнам. Така е со двата сина и со сите мои творби-дела.

Ништо не е поинаку во животот. Човек почнува да живее кога ќе престане да трча по него, да го моли да забави, да го моли да си подадат рака колку да се запознаат.



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПРВАТА НОЌ И ВТОРИОТ РАЈ

ПЕСНИ ОД „ПРВАТА НОЌ И ВТОРИОТ РАЈ“, СЛОВО, 2026.

Сузана В. Спасовска

ЧОВЕКОТ ЛИРА

Шекспир можеби рекол дека
секој човек е лира
А особено поетот

Неговите нерви
се нејзините струни
додека по нив
свири милата Минерва

ЕПИТАФ

Не знам дали ќе ја слуша мојата песна
твојата душа
кога веќе нема да има тело

ПОТРАГА ПО БОЖЕСТВА

Иако денес нема богови,
поклоници, обожаватели и фанови
сè уште има

Се чини
потребата за боготворење и обожавање
никако да го напушти човека

Како во секого од нас да спие
понекое божество
но само понекое се разбудува
за овој и во овој свет

Поклониците, пак,
дремат и душкаат наоколу
дали некој ќе замириса на мирта

ЖИВО ДРВО

Кој вели дека настан од секојдневниот живот
не може да те пренесе во митскиот свет

Дури и да ти предизвика такви слики
за кои никаде не си можел да прочиташ

Како кога од нигде никаде
ќе се откорне дрво
само од себе

...Беше тоа еден обичен ден
во кој се случи огромен тресок
како небесата да се струполија
како да зататни татнеж
кој наместо одгоре
дојде оддолу

Чиниш
земјата се стресе
и сите на неа

„Посакало дрвото да прооди“
ми помина првата мисла

Само некаде во заднината на умот
ми се тркалаше
митската слика
за клетвата на менадите

РАСПЛАКАНАТА МЕНАДА

Не знам што толку
ги разбесни моите другшки

Тоа ли што сè помалку
зборуваше на тракиски
а сè повеќе на хеленски

Што престана да им пееш
химни на нашите богови
и што толку лесно ги замени
со олимписките

Откако ти замина Евридика
по волја на боговите
ти како да се одрече од нас
од нашето славење на животот
од нашето воспевање на плотноста

Само си мислам

веруваше ли дека ќе ја доживееш
судбината на Дионис
да бидеш растргнат
и повторно роден од срцето

или сепак додека пловеше со аргонаутите
разбра за распарчениот Озирис
и ја бараше својата Изида
што ќе те врати од мртвите
како што ти еднаш се врати од таму жив

И откако не ја најде меѓу нас
се откажа и од нас

Сал мајка ти
и нејзините посестрими музи
останаа верни на својата цел –
повторно да те спојат
и достојно да те погребат
за да можеш и покрај сета болка
да ѝ пееш на Евридика во адот

ВЕЧНАТА НОЌ

Таа мисли дека вечната ноќ владее околу неа
ги обиколува сите страни на светот
за да види од каде би можело
да се случи изгрејсонцето
кое никако да дојде

Таа мисли дека вечната ноќ е добата на сонот
во која уште никој не е подготвен да се разбуди
и да се запознае не само себеси
туку и сè што постои

Таа мисли дека вечната ноќ е самата темнина
што уште не посакала да се раздени
и уште мисли дека искрите
што се разлетуваат лево-десно
од разминувањето на метеорите
ниту се ѕвезди ниту души
туку најава за Големиот оган

Таа мисли дека вечната ноќ не прави ништо друго
туку само учи и се подготвува
како да го препознае и гостоприми
тој мил и светол гостин

ПРВАТА НОЌ

Нејзе ѝ е прва ноќ покрај отворено море
Од коработ одамна нема останато ништо
А за друг ќе треба многу време

Тоа е бескрајна ноќ за неа
Исто како што е бескрајна водата пред неа
И исто толку непрозирна и темна

Таа е сама пред огромното море
Ни да се огледа не може
Месечината е сè уште млада

Нема никој ни пред неа ни зад неа
Знае само дека кога-тогаш
ќе се врати во морето

Тогаш кога и таа ќе нурне
во неговата ноќна длабина
како во утробата на китот

МАГИЈА

Ја замислувам природата
како најголема часовничарка
Затворена во својот невидлив дуќан
го мери времето
ги одделува сезоните една од друга
ги потсетува сите на своето постоење
сите билки и растенија го слушаат
нејзиниот глас однатре
како да е составен дел од нив
нивниот клучен генетски запис
кој им кажува кога да цветаат
и кога да мирисаат

По опојноста
ѝ нема рамен на природата
Таа секоја доба ја означува со свој мирис
а луѓето опиени од него
одново и одново почнуваат да веруваат
дека постои магија во воздухот
што ги заведува кон некое невидливо царство



Поезија

УДК 821.163.3-1

БЕЗ ЗАВЕСИ

Ирена Павлова Де Одорико

Човечица

Излегувам без запалена свеќа
Ниту живите ниту мртвите
Тоа не ги загрижува
Светлината доаѓа од поинакво место
Темјанот се здружил со пајажината
Векот ќе има ново крштевање
Послабно од претходното.
Ќе има гозба на ветерници
Ќе се меле нешто друго
Од вообичаеното
Лебот наш насушен
Настрадал во сообраќаен метеж
На зборовите
Зашто воденичарите
Се искасапиле меѓу себе
Кој да го грабне првото вино
Од последната причест
Свештенички мантии.
На хемиско чистење
Си го чекаат редот
За еден поинаков хемиски ритуал
Каде ќе се мешаат боите и материјалите
Ќе се смени дури и кројот
Исплашен човеку
Ќе те ставам под микроскоп
За да докажам
Дека си вистинско чудо на де едвицата
Можеш да танцуваше босоног
Додека сите пророци
Се спепелуваат
Заради крикот во насмевката
Ме вознемирува ова возење гратис
Зашто знам
Дека сенката на она аноректична џуџе
Ќе ни наплати дупло за сè
А тука е и лошата царица
И евтиното јаболко
Некој ни ждрига отров
Право во лицето

Луци почна да оди на литургија
Која во овој миг
Се изведува во луна-паркот
На Новата Жена.

Да не се лажеме

Да не се лажеме
Тесно ни е
Во чевли
Од крокодилски солзи
Направени
Со нив
Не се игра
Тешкото
Ниту лежерен танц
Да не се лажеме
Кога не умееме
Во туѓи чевли да влеземе
Едноставно е
Не се нашиот број
Па ги полниме со камења
Сопственикот
Жива кал да го голтне
Ајде да не се лажеме
И чантите по највисока мода
Ги кријат ниските удари
Што ни ги приредиле
Во влажните марамчиња
Шмркни
Па насмеј се
За селфиии
Огледалото го свртевме кон себе
За да се видиме однадвор
Чкрап
Во некрополата од аплаузи
Веќе во наредниот миг
Луѓето заборавиле
Кому и зошто аплаудирале
Секој невидлив бокс
Покриен е
Со непотребен ботокс
Насмевки
Од кои кловнот се смее
Но и се плаши
Ќе остане без работа
Во онаа долината.
Како ли се викаше
Морам сама да се сетам
Ако не
Ќе ја исперат
Оваа амигдала
Па ќе ја сушат
Под темни сонца
Така може да биде
Со сите наши потреби
Од среќа
Можеби затоа
Сакаме да се лажеме
Зашто во неа
Е последната надеж
Дека сè уште можеме
Да се кренеме
Со сопствени нозе
Без да влеземе
Во туѓи чевли
А во вистинска песна.

Без завеси

Постојат куќи
Со валкани ѕидови
И со души искречени
На станарите
И на нивните Потстанарка
Сите се нечии деца
И родители нечии
Постојат раскошни прозорци
Што блескаат
Без завеси
Та секој однадвор
Може да ги види
Позлатените рамки
Со уметнички приказ
На туѓата беда
Постојат прозорци со завеси
Да би ги скриле
Решетките на самотијата
Очајот
На насолзените перници
Врз кои
Меѓутоа
Мошне богато се сонувало
Да
Постојат завеси
Да ја скријат драмата
На тема
На тема
Да се биде или да се има
Секоја куќа не е дом
Ако оној
Што во неа живее
Цврсто решил
Да го нема
Да исчезне
Во првото вдишување
Како новороденче
Ама
И како згаснат дух
Во раскошна џиновска лампа
Која и лицето на бездомникот
Може да го осветли
Таму некаде
Во бездом
Додека сопственикот на ѕидовите
Во мракот
Дрочи
Потомците сакаат
Појавното да сјае
По секоја цена
Секоја куќа не е дом
Ако Чуварката
На домашното огниште
Не ја изгори
Во него суетата
На трпезата богата
Туку ја благослови
Диетата принудна
На благословената глад
По леб
Вода
Дух
И по најчист
Копнеж.



УДК 821.163.3-1

„ПЕСНА ЗА ЖЕНАТА“ – ОДА ВО ЧЕСТ НА ЖЕНАТА

Славе Ѓорѓо Димоски

Жената отсекогаш била една од најсилните и најчестите поетски инспирации во светската книжевност. Поетите преку ликот на жената ги изразувале и ги изразуваат најдлабоките човечки чувства: нежност, копнеж, восхит, болка, надеж. Во нивните стихови жената не се појавува само како конкретна личност, туку и како симбол на љубов, убавина, како жизнен порив кој го обликува светот, мајчинство, духовна сила, како радост и тага. Покрај овие класични определби преку кои се истакнати нејзината човечка големина и достоинство, во современата поезија таа добива и поинакви димензии: таа зборува со сопствен и моќен глас, таа ја изразува својата слобода, својот идентитет и своите лични чувства. За оваа прилика ја наведува песната „Песна за жената“ од Гане Тодоровски. Поетот испеал вистинска ода во чест на жената. Тој во силен поетски занес жената ја претставил како извор на топлина, нежност и човечност, како хероина која низ љубовта, грижата и пожртвуваноста го одржува светот. Поетот ја истакнува хармонијата и важноста на жената во семејството и во општеството; таа е носителка на вредности и темел на животната средина; таа не е само љубовна партнерка, туку суштинска фигура која ги обликува животот и душата на човекот. Со ефектни лирски слики и со изразит јазичен ритам песната е топол, емотивен врток кој кај читателот предизвикува силни и длабоки емоции. Преку конкретни и секојдневни моменти е прикажана длабоката врска помеѓу мажот и жената, помеѓу љубовта и животот; таа е претставена како инспирација која дава смисла и светлина во секојдневното постоење. Песната не е само естетско дело, туку и етичка порака за вредноста на жената во семејството и општеството. Тоа, всушност е и нејзината универзална порака. Тоа е крајниот воодушевувачки извик на поетот:

у-ва, а-ва, и-ва,
да е жива! да е жива!

Гане Тодоровски

ПЕСНА ЗА ЖЕНАТА

1.
Жената е... жената е ...
Бело мече годиначе,
речна слатка тресопатка,
вита ива миризлива,
мека трева што подгрева,
боцкав венец крај кладенец,
мрава, сешто што преправа,
кревко птиче назимниче,
тивка соба во злодоба,
прва љуба до прељуба,
свила што се распостила,
лето в сенка засолнето,
глина полна сончевина,
утро в сина виделина...

2.
Жената е... жената е ...
гиздавица, жегавица, кивавица,
лизгавица, лигавица, ждригавица,
брадавица, државица, ракавица,
секавица, плусквица, букавица,
кукавица, валавица, палавица,
рскавица, витлавица, капавица.
брблавица, наздравица, и — лавица!

3.
Жената е... жената е ...
Мома грда немаЖЕНА,
мома лична премаЖЕНА,
мома вредна трижмаЖЕНА,
млада вдова натаЖЕНА
пресна плуска раздраЖЕНА,
прва љубов разнеЖЕНА,
доцна вечер поснеЖЕНА,
златна лира обжеЖЕНА,
злост трижклета наеЖЕНА,
жед в сто грла намноЖЕНА,
ѕвезда в дланки доблиЖЕНА,
младост в жили раздвиЖЕНА,
мајка кутра загриЖЕНА,
сказна долга најслоЖЕНА,
жар во искри разлоЖЕНА,
желба в живот продолЖЕНА,
немаштина задолЖЕНА,
моќ со занес воруЖЕНА,
нејаснина опкруЖЕНА,
таа ЖЕНА ... ЖЕНА ... ЖЕНА!
4.
Жената те... жената те ...
загледува, подгледува, надгледува,
завабува, забавува, заграбува,
преграбува, заслабува, доабува.
настрвува, зацрвува, оветвува,
расчувствува, блаженствува, тиранствува,
поседува, последува, проследува,
прославува, исправува, претставува,
прејадува, појадува, дојарува,
подгребува, прегребува, погребува,
досадува, засладува, подмладува,
зацедува, прецедува, доцедува,
у-ва, а-ва, и-ва,
да е жива! да е жива!



Проза

УДК 821.163.3-31(082.2)

НОВ ЧЛЕН НА ДПМ: АТАНАС Д. БОЈАРОВСКИ

„Пеколот од детството“ (извадок од роман)

Додека Трајко размислуваше, војникот го фати за рамото, стана, му покажа со раката давајќи му знак на Трајко да стане и да се исправи на нозе. Тогаш тој прво го погледна коленото, на кое војникот „работеше“ толку време „измачувајќи“ го до овој момент. Беше вчудовиден! Тоа беше целото обвиткано во некакви бели завои до потколеницата.

Одеднаш се сепна и се сети дека кога тој трчајќи по воловите, ќе се изгребеше некаде по нозете или рацете и баба му го замотуваше со некое парче ткаенина, што ќе го скинеше од некои стари, излитени тенки алишта, му ставаше свинска маст или нешто друго. Но, сега! Тоа беше нешто, многу чудно, што дотогаш Трајко го немаше видено.

Додека тој размислуваше и ја одгатнуваше непознатата „гатанка“, војникот почна нешто да зборува. Во почетокот Трајко го гледаше со вперени очи во него, но не можеше ништо да разбере. Најверојатно и на војникот сето тоа му стана јасно, па почна погласно и со гестикулација на рацете, да му покажува, кажувајќи му, мафтајќи со рацете:

„ ...Тука... бум... бум... Ауф... Мокрино! – повторуваше војникот и му покажуваше со раката, во правец на селото Мокрино, што се наоѓаше на јужната страна од нив, во самото подножие на Беласица.

– Да бегам кон Мокрино? – прашално извика Трајко.

И не чекајќи повеќе повторувања, тргна кривејќи натаму без воловите.

Остана вчудовиден. По толку маки, војникот го пушти да си оди! Зошто? Не можеше да си објасни како е можно тоа!

Се сврти назад да види што прави војникот. Забележа дека тој го имаше собрано во ранецот сето тоа што беше надвор, додека го „измачуваше“. Во тој момент го симна „шмајзерот“ од своите гради, а Трајко без да дочека што ќе се случи понатаму, си помисли дека ќе пука во него, па го забрза чекорот иако го болеше ногата.

Сепак, дискретно повремено се свртуваше назад да види што понатаму ќе се случува. Војникот го остави „шмајзерот“ до него на земјата, ја зеде војничката торбичка, ја префрли преку рамо и го врати „шмајзерот“ на неговите гради, од каде што и го симна.

Тогаш Трајко продолжи со некакво олеснување да чекори што побргу да се оддалечи од пеколното место. Ногата го болеше, но ги напрегаше сите сили да оди што побргу. Тука патчето му беше познато. Беше во смоларскиот атар. По него безброј пати имаше поминувано.

Но, тукушто измина два-триста метри, слушна некаков глас. Додека да погледне од кај доаѓа, пред него се појави оној војник, што го „крена“ од коритото на реката за ушите и го фрли на брегот. И тој пак нешто зборуваше и мавташе со рацете, но Трајко не можеше ништо да го разбере. Откако виде дека тој стои, молчи и чудно гледа во него, војникот почна да му ги пребарува џебовите, а потоа да го пипа по телото и најпосле ја зеде неговата искината волнена торбичка.

Атанас Д. Бојаровски (1935, Смолари, Струмичко) е поет и прозаист. Тој дипломирал на Филолошкиот факултет на групата Историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Песни објавувал во весниците: „Вечерен репортер“, „Просветен работник“, зборниците „Сонце за сите“, „Огнено време“ итн. Автор е на книгите: „Планината моја патува“ (1971), „Пеколот од детството“ (2018), „Мајчината порака“ (2020).



Поезија

УДК 821.163.3-1

НОВ ЧЛЕН НА ДПМ: ИВА ДАМЈАНОВСКИ

Без почеток

Прво мора да биде крај.
А смртта е стрмна, но
Лебдиме како да сме тешки
И невидливи,
Неизбежни и невозможни,
Додека
Разбирањето се раѓа
Од утробата на
Мајката што
Од утробата на
Разбирањето се раѓа
Додека
Неизбежни и невозможни,
И невидливи,
Лебдиме како да сме тешки
А смртта е стрмна, но
Прво мора да биде крај.

Абортус

Ја ебевте Земјата
и таа повторно е бремена.
Честитки! – рекоа.
Ќе се роди уште една војна.
Сега ќе чекаме
да се породи
и ќе ја храниме
нејзината чудна
тркалезна глас
со месеци.

Породувањето ќе биде
болно и тешко
и ќе трае долго.
И кога ќе се роди тоа бебе
ќе вреска
и целото ќе биде крваво,
и како и другите деца пред него
ќе го грлите на улица
со искинати алишта,
да талка
и да пита
со валкан гнев
на рацете.

Неопходна песна

Ми треба тишина за да се родам.
Не ми треба пат за да си одам.
Не ми требаат раце за да можам да дишам.
Не ми треба јаже околу вратот за да можам да се нишам.
Не ми треба клатно,
ниту часовник.
За портрет, не ми треба платно,
ниту лик.
Ми треба ли твојот вик?
Тореадорот му треба на својот бик,
како и црвената боја.
Ми треба ли земја за да стојам?
Не ми треба земја, за да постојам.
Не ми треба поезија,
ми треба да бројам.
За револуција, не ми треба револвер.
За да ја заслужиш убавината,
треба да бидеш звер.

На гробот од монахот Ефрем

Дојдов во гнев
и зима
да ја оставам мојата желба
меѓу твоите камења.

Јас сум дете на трудот,
ова е моја магла
и мој е студот.

А од твојата земја
никнал бел цвет
и пролет.

Идентитет

Јас не знам кој сум.

И јас лично
не сакам да бидам личност.
Сите имаат лица,
најчесто две.

Можеби би сакала да сум птица
и да имам крила наместо лице,
како секоја птица што има крила,
најчесто две.

Лагата повторена илјада пати станува убиство

(на Биле)

Нештата ја губат смислата бавно,
полека избледува од нив
како збор што го повторуваш многу пати
Те сакам
Те сакам
Те сакам
или станува двојна, тројна, многубројна
Војна
Војна
Војна
и вистинската се губи меѓу бесконечно многу
Свет
Свет
Свет

како јазикот да е песна,
а лагата поет.



Проза

УДК 821.163.3-31(082.2)

НОВ ЧЛЕН НА ДПМ: ХАНА КОРНЕТИ

„ИЛИНА И ТАЈНИТЕ НА БАБИН ЗАБ“ (ИЗВАДОК)

Си се потсетував на овој разговор додека седев на каучот кај тато со клавијатурата пред мене. Кога тато дојде кај нас да ја земе клавијатурата сосе мене, имаа со мама од тие чудните моменти пред вратата. Како си Лидија? Добра сум, ти? Добар, еве, со малата. Супер, ќе свирите? Да. Епа, убаво. Да. Така. Епа, да тргаме, а? Ајде, убаво да си поминете. Фала, фала и ти исто. Јас ќе чистам. А. Да. Епа, добро. Епа, да. Епа, чао. Ајде, чао, чао. И потоа излеговме од дома со полни раце. Тато ја носеше клавијатурата, а мене мама ми тупоса ќеса со здрави бомбици и ручек.

„Потсети ме, што беа овие?“, праша тато, сомничаво гледајќи го десертот на масичката пред нас дур го слушавме Џемил Мундок.

„Бомбици со кокос, мед и ореви“, реков и пробав една. Океј, ништо посебно, помислив. „Океј, ништо посебно“, реков.

„Така, така“, рече тато. „А што е тоа другото?“

„Просо со зеленчук и проја од пченично брашно“, реков.

„Така, така“, рече тато. „Значи... да нарачаме пица?“

„Да!“

Во тишина го дослушавме албумот и тогаш дојде пицата. Во обид да не застрани премногу од новите здравствени амбиции на мама, тато беше нарачал да ѝ додадат кромид, пиперка и маслинки. Педантно ги тргаше од сите парчиња дур јадевме, ама инсистираше да останат на моите. Заради витамини и така натаму.

И потоа стигна тој кобен момент...

Моментот кој ме плашеше од кога тато ми купи сајзер и часови по пијано...

Ја стави хармониката во скут и ме погледна со широка насмевка полна надеж.

„Ќе посвириме? Научи ти некои ноти? Акорди? Па јас врз нив да импровизирам?“

На последниот час по пијано, ја споделив идејата со наставничката по пијано. И вистина ми покажа цели четири акорди од кои запамтив три. За среќа, сите ги имав начкрабано во тетратката сосе ноти и цртежи од клавишите да знам точно како изгледаат.

„Ама не мора да ги свириш баш така... може и ти да си играш... смени некоја нота, додај некоја нота...“

Тато поигра со разните звуци на клавијатурата додека не најде некоја боја како оргула што ни се допаѓаше на двајцата. Седнав и почнав да ги свирам трите акорди, еден по друг, броејќи до четири на секој од нив. Прво ги промашував дирките, па забележував по звук дека сум утнала, па се поправав, и потоа веќе се навикнав да не ги грешам.

По некое време тато почна да „свири“ на хармониката. На мигови беше речиси интересна мелодија, па чудна, па гласна, па ужасна, па по грешка ќе погодеше некоја точна нота. Ама тато се забавуваше, па се забавував и јас. Пробав со левата рака да држам акорд од три ноти, а со десната да свирам рандом ноти, една по една, со десниот показалец. Забележав дека ако стискам само на црните клавиши звучи како кинеска музика, не знам зошто баш кинеска.

„Браво! Интересна импровизација!“, се надвикуваше со хармониката тато.

И набрзо, сосема очекувано, имаше ѕвонење на вратата. Престанавме да свириме. Тато направи фаца.

„Уууууууф“, рече, ја спушти хармониката и отиде да отвори. „Сега ќе нè караат.“

Сосема, сосема очекувано.

„Недела е, знаете, ден за одмор“, рече дедото пред вратата.

„Извинете, се занесовме“, рече тато.

„Јас пробувам да дремнам, сопругата пробува да слуша вести... а ова е вашата ќерка?“

Зиркав од зад тато.

„Ова?“, рече тато и ме погледна, како да треба да провери. „Да, ова е Илина. Учи пијано, па...“

„Вистина? А вие свирите...“

„Хармоника“, тато ја подотвори вратата да ја покаже хармониката.

„Аха, значи хармоника било тоа“, рече дедото па се поправи, „се разбира, ја познав. Јас порано свирев гајда. Народни песни, вие младите можеби не ги знаете.“

„Гајда! Баш интересно“, реков. „Ја имате уште гајдата?“

„Ооооо, се разбира! Не се продава таква работа“, рече дедото со занес во очите. „Кога свирев гајда во нашето село, само да знаете како ме гледаа девојките!“ Си се насмеа ѓаволесто кога му текна каков мангуп бил. „Впрочем, знаете, ја имам тука, седи во шкафот...“

И така, една работа доведе до друга. Наскоро дедото тресеше прашина од старата гајда врз паркетот на тато и нашето ужасно дуо стана уште поужасно трио. Да беа инструментите живи, сигурна сум дека ќе нè тужеа за злоставување.

А сепак, ни беше толку забавно! Мислам, ќе беше уште подобро да носев чепови во ушите за да можам ништо од тоа да не слушам, или да го слушам мнооогу потивко. Но, како ли се забавував! Тато и комшијата ги грчеа лицата онака како што го грчат најголемите мајстори, и класичари и некласичари, кога свират некое толку убаво и моќно соло што за миг ти се чини дека ќе го спасат светот. А тоа што излегуваше од овие антимајстори, од сите нас, можеше толку да разлути луѓе што ќе почне Трета светска војна.

Ама сепак, сепак! Се гледавме еден со друг и се трудевме да го следиме ритамот или да создадеме друг. Дедото малтене потскокнуваше од возбуда во миговите кога лицето ќе му станеше црвено од дување, па ќе земеше голема пауза, издишувајќи ја гајдата, дур си го врати воздухот во белите дробови. Неколкупати се загрижив за него, но се покажа доста жилав. Како мае. Освен тоа, во ретките мигови кога нешто ќе прозвучеше – еве, не убаво, ама бар точно – чувствував толкава возбуда, како да сме откриле нов хемиски елемент.

„Ослободи се, Илина! Ослободи се!“, викаше тато и јас тропав уште повеќе на клавишите, менував бои и звуци за сајзерот, почнав да ја нишам главата, заборавив на акордите и дури ми се чини дека заборавив на Вирџинија и мојата пропадната вештерска кариера.

Но тогаш – ново ѕвонење на вратата.

„Ооо, не... не пак...“

Тато, со наведната глава и израз како на куче што го фатиле како краде колбаси од кујна, отиде до вратата со хармониката сè уште врз градите.

„Извинете“, рече изиритиран глас на повозрасна госпоѓа, „но – аа, ова е ќерката?“, рече покажувајќи кон мене на каучот.

„Да“, рече тато и се обиде да се насмее.

„Што е слатка! Инаку – Мишо, па ти си тука!“, бабичката влезе во станот со рацете на колковите и намрштен израз. Носеше син фустан врз кој имаше цветна престилка. „Јас мислам си заспал, а ти си дел од оваа врева!“

„Рицке моја, па не е тоа врева, туку е нов креативен правец, па ние сме млад бенд...“

„Не знам баш за ‘млад’, ха ха!“, рече баба Рица. „Ајде да јадеме, направив манџа. И вие, ако може потивк–“

„Не знам дали ви кажав“, ја прекина дедото, кој сега дознав дека се вика Мишо, и се сврте кон мене и тато. „Ама Рица многу убаво пее... така и се запознавме, впрочем, кога дојдов во Скопје да учам факултет, бевме во истиот интернат, и една вечер слушам глас како ја пее „Билјана платно белеше“ од заедничката кујна, и одам да видам кој е и...“

И така, неизбежно, баба Рица стана дел од нашиот млад-стар бенд. Потпевнуваше ваму-таму, кога ќе ѝ се причинеше дека слуша мелодија. Пробуваше да фати на народно, а имаше баш убав глас.

И почнавме одново да се забавуваме, манџата заборавена, кога –

Спррр спр. Спррр сп. SSSSSSSSSSSPPPPPPPPP–

Тато истрча до врата и ја отвори. Ѕвончето престана да ѕвони. На прагот стоеше еден чичко кој малтене беше во солзи. Пред да каже било што, тато се потргна од вратата и рече:

„Здраво комшија, она е ќерка ми, Илина“.

Ама на тато не му успеа фората третпат.

„Жал ми е, девојче“, ми рече човекот и се сврти кон тато. „Ве молам... ве молам да престанете...“, рече чичкото со очај, а не лутина во гласот. „Бар чекајте да одам на работа утре сабајле или да се отселам, или да си ги извадам ушите...“

Тато се извини и вети дека следен пат ќе бидеме потивки.

„Ќе има следен пат?“, тажно праша комшијата без никакви свирачки амбиции и уште помалку љубопитност за нашиот „нов креативен правец“ пред тато да ја затвори вратата без да му одговори.

„Генијалците никогаш не се разбрани во своето време“, рече тато и ми намигна.

Вака или така, првпат по многу долго време, јас и тато ја исполнивме тишината со нешто заедничко и згора тоа, се забавувавме, нешто што особено многу ми требаше после изгубените бои и изгубената учителка.



Поезија

УДК 821.18(497.7)-1


НОВ ЧЛЕН НА ДПМ: ЛУЛЗИМ ХАЗИРИ

Нè остави
На барикадите
Со несоницата на Макондовците
Соништа потпрени едни врз други како река
Суетата на функцијата го отежна
Копнееше по сон на јагне
Покриен со ќебе на вината
Со монистата на жена му како бројници в рака
На барикадите поштата стигнува со доцнење
Пијалаците не се сервираат со соодветни кристални чаши
Нема илустриран печат ниту еспресо
Вестите смрдат на цензура
Како воен репортер на ТВ
Нè остави со болеста на чекањето на барикадите
Имаше лесна романтична душа
Врзуваше свилени вратоврски околу вратот
Страста за жената-нимфоманка го покри
Го повикуваше креветот го гореше нејзиното тело
Благородна беше нема збор
Верна со зборови
Нè остави сонливи и изгубени
За мирисот на утринското кафе
На барикадите нема фестивал
Таму се лизга над засирена крв
Куќата ја гледаш фатаморгана
Копнежот за децата го чуваш в џеб во паричник
А смртта ти спие под шлемот
Нè остави
Поцрнети в лице од чадот на надежта
Што гореше како камионска гума на патот
Посакуваше на море да добие бакарна боја
Без да се вцрвени и без да се сонча по реки однапред
Со затворени очи сонуваше кашмирски сништа
Дека беше болен и неколкупати опериран
Мајсторски трансплантирано дрво
На глава на ној имаше очи на овца
Срце зајачко си имаше
Опашка на гуштер имаше
Токму митолошка грдотија

БИСТИ
Скулпторите не се оптоваруваат со верноста на линиите
а бронзените луѓе се сепак убавци
над нивните глави лисјата се вознемирени
и изземнатите љубовници под дрвјата во паркот
се вознемирени од нивната бронзена тишина
На сцената се крева завесата
кога ги влечат овие убавци со трактор
се крши тогаш нивниот метален поглед
и ги преплавува улиците плоштадите
со предавства лаги заговори омрази
многу привлечни се занемарените бисти
кога некој измет на гулаб или чавка
им го валка правилниот нос
моите бисти комуналното не ги заштитува
и така ја повредува мојата гордост со шамија во рацете
а низ патеките во паркот еден дедо замавнува
„Тој крадец ми ги дрпна двете крави“

КОЈ ЗБОРУВА ТАМУ
се мери со утринската сенка
неизмиениот
гордоста му виси
како цигарата на усната на хемфри богарт
кога сите се собираат на плоштад
да ги провираат прстите со гнев кон небото
колку што крв да им тече
тој ги собира другарите на веселба
им соли памет со лиценца
насекаде случајно го наоѓаш
како гурелавиот син ангел
прво со многу одек му пристигнува фирмата
потоа тој заедно со дванаесетмина зад себе
оној ден кога со цигара в уста ме поздравува
грбот ѝ го вртам на жена ми в кревет
во златната доба на Чичко кој им ласкаше
многу знамиња држеа в раце
повеќе за инает на Татко
што му се згрутчуваше крвта за една птица
во крвавите априли со синовите на Чичко
со зелени алишта одеа на лов
кога се одмораа под даб
јадеа месо од теле што уште цицало
со лисја ја бришеа крвта од чизмите
денес
по кафеани го викаат
на чело место му прават
го честат
да им зборува со огнен јазик
на таа маса за мене нема место
за мојата чаша и јазик леден
кристал
со шарениот филџан в рака
им кажува што јаделе синоќа
утрешнината не знае да им ја чита
ниту во нежните им дланки

ЛУЛЗИМ ХАЗИРИ (1962), поет и активист за човекови права. Автор е на поетските збирки: „Песната се раѓа во самотија“; „Кога вратите се отвораат со звона“; „Излез од сафари“; „Самотија обесена како број на порта“; „Кога љубовта се троши како креда“, како и на колумните „Албански рокенрол!“ и „Црно на бело“. Преведен е на англиски, француски, романски, македонски и хрватски јазик.



Поезија

УДК 821.163.3-93-1

ПОЕЗИЈА ЗА ДЕЦА

Љубинка Донева

БЕЛАТА МРАВКА

Не дека сум мрза,
но не сакам да брзам
ни да влечам зрна
ко секоја мравка црна.

Ни сламки не носам
ми се лепат тие
по светлава коса.
Затоа ви велам
јас сум мравка бела.

Тато пак ми вели:
– Не, ти си вредна пчела!
Ти си вредно злато
најсакана на тато!

Јас само се смешкам,
не сакам да зборам
ќе направам грешка.
А, сепак му велам:
– Никако, јас не сум пчела!

Можеби сум оса
и сакам да шлапкам
низ калиштево боса.

Тато се смее и ништо не вели.
По малку молчење,
сепак гласно вика:

– Иако во кал се пикаш
ти си пчели рој!
не една, не две, па дури ни три на број
сè што сакам јас, тоа си ми ти!
верувај ми ќере, ти си пчели рој!

НОВО ИМЕ

Вели тато:
– Ти си Сара,
ти си моја Сарка-Барка
ти си Царка-Барка.

Низ просторот шараш
и сè нешто бараш
со глупи се караш.

Објаснуваш, чуда стваraш
Сарка-Барка ти е ново име
така, нели, те вика
и тетин ти Диме.

ТАТКО МИ МОЈ

Тато најмил мој
ти праведник си од висок сој!

Разбојници кога бркаш
и лошковци кога караш.

Секогаш ти тато
правдата ја бараш.

– Правдата е ќере,
Тешко уловливо сверe
и секој од нас треба
против неправда да крене глас.

И затоа сум јас
праведник од висок сој
а и растот мој е
сантиметри во висок број.

– Тато ти ме смееш
– Зашто сакам мила
сега да ми пееш.

СЛИКАР

Црта Иван чавка,
а тато му вели:
– Ова ми личи на мравка!
Иван се смее
одговара и пее:
– Ова е получавка-полумравка
малку да лета
малку по земја да шета
да собира храна
големи и мали зрна
и другарка да биде
на вечерта црна!



Поезија

УДК 821.163.3-1

ЉУБОВТА ОПИВА

Анита Бошкова

БЛАЖЕН Е ОНОЈ КОЈ ЉУБИ

Кога ќе чукнат камбаните
и удрат тапаните,
да го заиграме
орото на радоста,
нека цути во нас
вечно младоста

Да го славиме животот,
од Бога ни е подарен
еден е,
неповратен е

Да го чуваме и негуваме
она скапоценото
со око невидливо,
но кое допира
и со блаженство опива

Блажен е оној
кој љуби,
благословен е оној
кој и во безизлесноста
надежта не ја губи

ВИНОТО И ЉУБОВТА ОПИВААТ

Еј ти лозо,
благословена
од Свети Трифуна,
ти што растеш и зрееш
под небесата,
се поклонуваме пред тебе
уште пред Исуса
Свет е божествениот нектар
кој од тебе се точи,
храна е и лек,
а за оној кој со мерка
и мерак го пие
ќе има и век
Ах вино, вино
дали е вистина
дека вистината е во тебе
и дали си посилно од љубовта,
или љубовта е посилна од тебе
Виното и љубовта опиваат
И виното и љубовта
се за оние кои знаат да уживаат

ДА НЕ БЕШЕ ТИ
Да не беше ти,
немаше да бидам јас,
да не бев јас,
немаше да бидеш ти
Да не бевме родени ние
немаше да постои нашиот свет,
свет во кој има место
само за две души, две тела,
свет за љубов исконска
која ништо не ја сопира,
љубов која душите ги опива
Љубов голема,
љубов неповторена
која е посилна и од виното,
љубов која е
смислата на животот

ДОЈРАНА ДА БИДАМ

Ми треба
само еден бран,
еден сончев зрак
за да оживеам,
езерото да го видам,
Дојрана да бидам
Езеро мое,
моќта на љубовта
е во срцето твое,
со твојата
езерска шир
ти можеш
да го скротиш
секој немир
и да ги сплотиш
вљубените

ДОПИРОТ НА ДУШАТА
Ме допре и здивот ми запре,
Допре таму каде не допира секој,
ме допре како никој,
со допирот нежен
во срцето ми се врежа
Со погледот топол
го виде невидливото,
го допре недопирливото
Ми ја згреа душата
која досега не беше слушната,
маѓесно ја допре
за таа да може да се отвори,
за да пее,
за да се смее,
за да може силно да љуби,
за да може вистински
да живее



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПРОНИКНУВАЊЕ НА ТИШИНАТА

Љерка Тот Наумова

ТИШИНАТА НАЈДЛАБОКО ПОГОДУВА...

Ниту еден човек нема подготвени патеки
од бесконечноста да го извлекува времето
под превезот на прикриеното

Нурнува длабоко во светот на мала среќа
Безобличниот љубовен жар е запрен одговор
во далечната мугра

Љубовниот жар не е ништо друго освен патека
низ која минува љубовта ,
но љубовта ѝ е доволна на љубовта

Ниту еден ден не може да се повтори
Во тишината слушам како минува времето
Тишината најдлабоко погодува...

КАДЕ Е ЗАБОРАВОТ?

Пред двојното огледало
Животот утре,чекајќи го денес
Нејасен прашалник
Каде е заборавот?

Нема заборавање,само простување
допрено од согорувањето на неверицата
додека ветрот ги урива
ѕидовите на спомените

Повик на тишината во пазувите
на бесрамниот ветер ,
со поглед на нескротливи
далечини се поклонува
пред мудроста на повтореният сон

УМОРОТ ЈА НАЈДЕ СВОЈАТА СВЕТЛИНА

Брзањето на пресвртот
на необичниот мечтател
ја крие безизразноста

Уморот ја најде
својата светлина
каде што тагите заспале

САМО МИНАТОТО Е ВИСТИНА

Ослушнувам како ни дишат
дланките со здив на љубовта
отскокнуваат од разминати очекувања
во двиг од поврзани одрекувања

Заробениот чекор на смиреност
оплакува со милозвучна
песна на белата голубица
тивок хоризонт на тајни

Неправилен облик на сеќавања
повикува непотребни простори
ги врти тркалата во ритам на минатото
Само минатото е вистина

ЗГАСНАТА ЉУБОВ

Заборавот што го прочистува
надминатото покајание
на далечниот осаменик
го наметнува предизвикот на другите


Огнот што умира
се обновува како Феникс
Очекуваност на шармот на згасната љубов
се бара себеси насекаде

НИШТО НЕ Е ПОСТОЈАНО

Мигновен мозаик
животен извор запира

Ништо не е постојно
Светот поминува
и страста негова

Поминува и останува
само чекањето
на некои идни времиња
каменот на сопнување



Проза

УДК 821.163.3-32

ЕДЕН НЕСУДЕН РАЗГОВОР ПОД СКОПСКИТЕ ЛИПИ

Маја Мојсова

Берберот Санде ги брои чекорите, додека се приближува кон познатиот дрворед. Бара празна клупа. Од џебот вади мала хартиена ќеса и ја одвиткува. Локум со ореви. Зема една коцка и ја вкусува. Другите ги завиткува, за кога ќе дојде неговиот пријател, комедиографот, кој пред година-две се досели во Скопје.

Небо разделено на половина; на едната жегнало сонце над целото Скопско Поле, а од другата половина се задале тешки облаци. Како да се чека од нив секој миг да истури пороен пролетен дождец. Треперат лисјата на дрвјата, повикувајќи освежување. Некогаш се чини дека пролетта во Скопје е потопла од летото. Топлината им одговара на сите, а сепак се жалат. Мајките – дека не можеле да ги приберат децата дома од многу играње надвор, повозрасните граѓани – дека од многу луѓе што се шетале по убавото време, тие не можеле на ред да дојдат, занаетчиите, пак, немале муштерии, зашто топлината сите ги мамела надвор, а никој не навраќал во дуќаните.

Санде се вртка таму-ваму и сè нешто не го бендисува каде да седне. Една клупа е целата оросена од „солзите“ на липите. На друга седат двајца млади вљубени, па не личи да се седи веднаш до нив, ко сведок на љубовта, што гори да се случи. Ќе оди потаму... ах, хармоникашот Ацо седнал таму, претурајќи нешто по џебовите. Ако оди до него, овој ќе си помисли дека намерно зјапа во парите што ги заработил повторно на некоја свадба. Санде за сè така во животот, повлечи-потегни. Дали да или не? За сè, освен за занаетот. Е, во занаетот нема ни двоумење, ни чекање, ни размислување. Со муштериите е срдечен и чесен. Со посетителите се држи внимателно на растојание, само пријателски ги поздравува. И би се вртка околу клупите можеби сè до пладне, ако не го довикне еден познат глас. „А, ете го наш Бранко“, си вели во себе со олеснување Санде. Брза кон пријателот, кој му чува слободна клупа, близу до чешмичката. Со Бранислав, кого Санде си го вика „наш Бранко“ се запознаа и се здружија веднаш штом српскиот комедиограф дојде да поживее малку во Македонија. Во овие тешки времиња, добро е да се има човек некому да се пожали, да се пофали, да си поразговара во доверба. Бранко му остави впечаток на доверлив човек, со кого може да разговара за целата ситуација во државата, а никој никому да не му се налути, ниту да му замери. Санде е свесен за пропагандата, а пак Бранко – за македонската тага, што се чини, како никогаш нема да заврши. Еден дошол – заминал, друг дошол – заминал и сè така во недоглед. „Туку, векот е за со луѓе да се помине, дали биле вакви или онакви, но луѓе да се, што се вели, од мајка родени. Со такви може да се живее и заеднички. Само да не се како некои Османлии што беа.“ И меѓу нив Санде си познаваше вистински луѓе, но имаше и такви, кои не сакаше ни да ги сретне. „Бранко е умен човек, знае сè како било и што било. Ама, разумно ги согледува нештата. Со глава в ѕид не се удира.“ Е, затоа му е пријател на Сандета.

„Добар ден, Бранисаве! Бранко наш!“, се радува Санде.

„Добар ден, убав ден!“, отпоздравува Бранислав. „Тука можеме да си поседиме и да си разговараме.“

„Убаво местенце си нашол, добра сенка. Еве...“, го вади од џебот завитканиот локум.

„Ааа, денес си зел локуми од дуќанот на Поцетааа“, со ведрина се оближува Бранислав. „Тој ги прави по рецептот на дедо му. Што интересен слаткарџија е тој Поце, целиот е комедија, да го слуша човек како зборува за земјите од светот што ги видел...“

„И стварно да ти бил во Италија, во Турција бил, од каде и тргува со мирудии за слаткарницата. Велат дека и во земјата Израелска бил, барем така велат оние што го познаваат. Може, може, па од сегде видел по нешто. А, ти, кај си бил низ светот? Ја најчесто во Прилеп одам, во Крушево сум бил, до Битола си патуам со возот коа сакам, а подолу од нашиот Солун, преку граница во грцката земја не сум ни стапнал. И не сакам, Атињаните не нè сакаат ич нас.“

„Што дека сум бил негде, кога тие западни европски краишта не ми се мили“, неволно зборува комедиографот.

„Аааа“, се чуди Санде. „На запад си бил?? Да не си бил по далечните Америки?? Вистина ли е, Америка ја викаат, ќе била новата „ветена земја“, не само за Евреите, туку за секој што ќе сакал таму да работи за нивните големци? Така сум слушал. Кој ќе стапнел таму, требало да потпише дека од тој и тој ден, нема да е веќе Митре, Станко, Спасе, туку Микел, Стивен, Споук..., ни Арапин, ни Османлија, ни арнаут, ни Кинез, туку само Амер, Америго да се пишел. И потоа му давале Библија пред него, па да се крстел во тој нивниот крст, малку поинаков од нашиов, правилниот, ќе се спогоделе, му давале парче земја, работа и таму да седи, да работи од изгрев до зајдисонце и по година-две со многу пари човек ќе се сторел...“

„Еее, Санде, пријател. Па, вистина ли мислиш така се дава парче земја? Муабети се тоа. Не сум бил во Америка и не

ни сакам. Ама, дека баш така било, не верувам. Сигурно таму има некоја друга политика. Се вратил некој од таму, да посведочи вистина како било? Или луѓето си зборуваат по свое."

„Кој знае. Во право си и ти. А, што велиш, пак ќе нѐ поробат? Овие", се врти наоколу да не види некој скриен припадник на аскерот, „не си одат, шо не си одат". Продолжува со шепот:

„Туку, какви нови административни единици ќе прават? До кај ќе нѐ дотераат?"

„Санде, тоа се страшни работи. Мене ништо не ми е драго. А, секој од нас оди онаму каде што го тераат. Над големите, има и поголеми, па и над нив, некој друг стои, крај нема."

Се гоштеваат и кометираат за новоформираното маалско фудбалско здружение. Бранислав постојано се брани, како уметниците не биле многу повикани да зборуваат стручно за тема како што е фудбалот. Според Санде, најдобро би било екипата да се замени со што помлади спортисти, кои поради годините можеле да трчаат повеќе, па „сакале-нејќеле, од многу трчање и некој гол повеќе ќе падне." Со тоа неговиот пријател наводно се согласува, потенцирајќи дека сепак „не треба да се отстранат сите повозрасни фудбалери, затоа што имале некакво искуство и знаење, да им бидат како еден вид водичи на помладите".

Берберот се прекорува дека Бранислав многу подобро зборувал македонски, отколку тој што зборувал српски јазик. Не дека не разбирал, добро го разбирал јазикот, и на училиште учел, учел потоа како повозрасен читал и новини и белетристика на српски јазик, ама, ете, не бил многу бистар, за да може сега пред еден голем творец да разговара паралелно. Се извинува дека ќе се посрамотел, дека ќе „треснел некоја зелена", како пред некој ден еден негов пријател што рекол: „Ја, кад ќе заволам...", па цела меана прснала во смеа. „На кој јазик ти е тоа, бе, Мице?" – му се смееле сограѓаните. Така и берберот Санде, поарно да си зборува онака како што знае, да не мудрува многу без потреба, да не испадне посмешен и од Мицета. А, Нушиќ, смешкајќи се под мустаќ, го охрабрува дека никој никому нема да му замери за правилата на говор.

„Поважна е суштина на разговор, а не та структура на говор", внимателно вели Нушиќ. „Ниту јас ќе ти ставам оценка, ниту ти мене, за тоа кој како прича. Нели сме пријатели? Ние си го имаме муабетот, затоа што се разбираме човечки. Откако се доселив во градот на липите и на Вардар, ти меѓу првите ме прифати каков што сум: своеглав, саркастичен, али и самокритичен."

„Арен човек си ти, бе, арен. Си собираш анегдоти, така со мукает, шо би се рекло, си пишуваш, си шеткаш низ градов, ќе наминеш до кај мене в дуќан, кога у меана ќе се видиме. Ништо лошо не праиш. А, мене, пак, така кејф ми праиш коа ќе ми подадеш тоа ќитапот, да потпрочитам нешо шо си начкрабал. Еее, највише ти ги бендисуам оние смешките за некој даса шо се праи, а пет пари не вреди. Читам, читам и ми иде да се смеам до сабајле."

„Да, да... е, па, хвала. Ако је така, значи, сум ја погодил целта. Тоа сакам да го постигнам. Туку, да те прашам. Ти, дали би сакал ова што го читаш во моите тефтери, да го видиш на голема сцена?"

„Како мислиш? Како би било тоа?"

„Не знам точно, засега, но нешто ми се врти во главата, да се работи, да се создава. На народов малку да му олесни од реалноста. Па, така, си размислувам, како би било да им се направи малку од малку да доживеат попријатни моменти..."

„Не знам, јас не сум учен толку многу и не знам како би оделе тие работи. Кому му е дојдено до забава. Ама, да не речам нешто, па да згрешам."

„Драги Санде, уметност ни је забава. Па и сам знаеш, и колку потешко било, ропство и опресии, па народот пак правел и свадби и веселби. Уметноста е нешто како повисоко чувство. Со неа полесно се поднесуваат и маките и тагите. У меана кога слушаме чалгии, нели ни иде поубаво на душата? Е, така..."

„Во право си, во право си. Јас си сакам песна. Сакам и да читам, другите еснафи ми се потсмеваат, ' еее, Санде, не си читал кога си идел у школо, не си идел на високи школи у Београд, па сеа сакаш да покажеш дека си учел'. Ама, ако, нека се шегуваат, мене ми е убаво на душата да читам тоа таму што пишуваш."

Заросува ситен дожд. Калдрмата почнува да испарува. Двајцата пријатели се согласуваат дека е време полека да се приберат секој по дома, зашто кај и да е, ќе заврне и посилен дожд.


„Крати, крати, Санде!", Бранислав му дава знак на пријателот, со отсечно движење на раката, да не зборува.

Санде подзинува и се наоѓа во „небрано". Збунет е и од реакцијата на Бранислав и од неговите зборови, не осознавајќи толку брзо што сака да му каже. Пред да се сврти, од задниот дел на дрворедите поминуваат двајца грчки свештеници. Смуртени и нервозни итаат ли итаат некаде. Санде и Бранислав стануваат од клупата и се упатуваат кон дома.

„Абе, Бранко! Ти да не беше, ја ќе кажев нешо што не треба, па ќе ме дадеа на суд. Абе, фанариотиве многу нешто во последно време почнаа да се врткаат по Скопјево наше... Да не знае човек кај да се сврти, од шо да се брани. Ти навреме ме замолчи, фала ти... Се појавија оние... и времето го расипаа. Готово, ќе заврне силно."

„Пријател, најзаедничкото нешто што нѐ поврзува, во твојот и во мојот занает, знаеш ли што е? Е, управо то! Крати!!! Молчи и крати! Ти треба што повеќе да кратиш коса и брада кај муштериите, за да не ти идат поново, да ти се жалат. А, ја, треба да кратам од текстот, да не 'мелам празна слама' во стотици и стотици страници. Да кратам текст и да ја вадам само суштината – кратко и јасно!"

Силен ветар му се придружува на дождот како добар сојузник. Во некалдрмисаниот дел од патеката, во калта се назираат стапалки од различни луѓе. Острите стапалки што ги оставија грчките свештеници, в мигот се разлеваат од силните дождовни капки, ко да никогаш и не биле таму. Стапалките што ги остава Бранислав ги губат острите контури, но сепак остануваат како мали траги. А, секаде по патеката каде што гази Санде со крпените гумени опинци, остануваат „мермерни" стапалки, како изгравирани в земја. Калта се слева во нив, но повторно истекува, оставајќи ги недопрени. И никаков макадам, ни модерен асфалт што доаѓа со времињата, како да не може да ги покрие сосем.



Поезија

УДК 821.163.3-1

СПОМЕНИ

Габриела Стојаноска-Станоеска

МОМЕНТИ НА КОИ СМРТТА НЕ ИМ СМОГНА НИШТО

Тој ден татко ми се врати многу весел од Скопје
на старост, болеста сообраќа низ градовите
сè уште сам примаше терапија во Државна
со цигара разгорено трпение за чекањата
опериран на местото каде канцерот специфично ги боли мажите
и пред да се префрли на најбавните возови
заради седиштето до тоалетот
години пред да му ги закаса коските
Има прилично незаситни, лакоми заболувања,
пред фајронт обожаваат бубрези.

Знаш, Невено, кого видов денеска на автобуска
детски песни му кикотат во гласот
Кој?
му се чуди на расположението мајка ми
Ѓоре
Кој Ѓоре? Ѓоре од Стева? Братучед ти од Велес?
Од Прилеп ќе беше Џоре
Да, бе! Си седам така на клупа
чоек со капче до мене, исто, чека
не му се пулам многу
носи бела газа, овде, на грло
Рак?
Да. А осејчам ме гледа... Едно време вади тефтерче,
чкрта внатре и ми го подава

Ти си Тале од Прилеп?

Го загледувам
и
Ѓоре од Велес!

Се познавте? Од свадбата го немаме видено

Педесет и кусур, еј! После, си кажавме по нешто
шо наглас, шо со писмо
и се врајчавме заедно до Велес
Детски смевки му пеат во стасот

ЗА МОЈАТА ПРВА ЌЕРКА

Две розе цртки
на тестот за бременост
конечно процветав

Пролет.
Во ист миграсцутиле до врв
праска и жена

По
неколку
месеци

Кој би помислил некогаш
дека крвта може убаво да ти мириса,
а да не си умно заболен човек?
А ете, оваа крв, која два дена шурка од мојата ранета матка
и мириса сосем поинаку од менструалната,
има толку сладок и мил бебешки мирис,
толку мил што жалиш дека по некој ден ќе го загубиш

како што пред два дена го загубив
малото, нежно, свилено и беспомошно кукленце
што се капеше во неа и мирисаше исто така.

Кој би помислил некогаш
дека крвта можетолку убаво и нежно да мириса?

И така еден убав јунски ден заврши сè

Како никогаш ништо и да не било.

Се чувствувам...
згмечена под автомобил превртен наопаку
со тркалата нагоре

Малку е

Сиот свет се превртил наопаку и паднал врз мене

И пак, малку е...



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПЕСНИ ЗА ВОДАТА

Жаклина Михајлова

Моќта на водата

Обратно од животот:
На отворен океан,
непрегледна површина,
со денови гледаш немир,
борба на бранови,
ветришта и празнина.
Синилото на слободното небо
тоне во црнилото на водата.
Жестоко се препВолетуваат далгите,
се искачуваат и во пена завршуваат,
неспокојни, белеат,
заплискуваат, бесрамно
едни во други се удираат
и лесно, чиниш за миг, умираат.
Спокојството на животот
се шири тајно, невидливо
низ длабочините на водата.
Кај човекот, површината
е чиста, мирна, нашминкана,
нема видливи бранови,
нема црнила во насмевката,
нема јад, немир и дивина,
а внатре душа полна лузни,
како ридови, како реки
нескротени, збеснати,
брстат, се множат
и самите се потиснуваат,
притеснуваат, таложат
и полека, полека, кротко
невидливо, секојдневно
клетка по клетка,
со години спокојни,
ама сигурно, те умираат.

Роса

Тајни, срамежливи,
молчаливи солзички
волшебна роса,
пред зазорие,
кристално ја собрале
ѕвездената светлина,
несебично да го
заблескаат
новиот Божји ден!
Соларни, живи капки,
алхемиски медиум,
лек насушен, вечен,
магија, магија, магија!

Бал'клија

Тајнописот на водата,
благословен од утробата
на светата мајка земја,
спирално раздвижен и
заитан да излезе, да дотече.
Жива вода, умница, памтило,
немо како лек да пресече,
та слепост, глувост, болештини,
да истреби, да сотре, да занеми.
Ој, жива водо, балк'лија,
Извирај од подземните,
коридори на мракот
и немуштијата, на црнилата.
Осветли ги, благослови ги
природните богатства,
растечи ги изворите,
потоците, реките,
езерата, водопадите
по природниот им тек,
шепни им на неверните,
на аздисаните и забеганите.
Излечи ги телата и душите,
всели надеж за љубовта во нив,
за љубовта на ближниот свој.
Амин!

Тајнопис

Благословена да си ми
водице чистотна, бистра!
Бистрите да ги разбистриш,
чистите да ги дочистиш,
злобните да ги измиеш,
болните да ги излечиш.
Слатка да си ми солзице,
ти насушна добрино и рај!
Здрави да ми ги вткаеш мислите
во твојата невидлива черга.
Убавото-тајнопис да ти биде,
мирот-основа, среќата-преѓа,
радоста моја-радост за сите да е,
животот во хармонија да сјае!



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПЕСНИ

Цветан Враживирски

ТЕ ИСТРАЖУВАМ

На падина
(твојот поглед е планина)
под веќата
ти засадив збор.

Мевлемот од качунка
со твојата смеа згуснат
го втривам под срце.

Зар претерав
кога жерав
од твојата градина
искубав
за супа.

СМИРУВАЊЕ НА ДЕНОТ ВО МОЈАТА БАВЧА ПОКРАЈ ВАРДАР

Овој „смирај дана“
го канам
на мојот погреб
Да е почин
да е почит
и знак очит
за тоа кон кое целев
Да е целув
кој ве гали
ве скокотка
и ве мами
да речете:
еве ваков,
сакаше
да биде

СРЕДНО НЕРЕЗИ

Тука
Водно и Вардар
се галат

Јас палав
им се измолкнувам
од прегратките

Од љубов
веќе ми се здробени
коските

КОЛКУ ДАЛИ

Дали сум се задлабочил
штом сум срочил
песна проста?

Задлабочен во лесноста
барам буква
во песната
што ќе б(п)укне
како песна
а песната ќе е буква:

и му
и ква.

ГОРО ЛЕ,

Само интересноста на сликот
не може да го даде ликот
на песната.
Мора мислата да е збесната.
Или барем сосем тивка.
Тивка до збеснување.
Мирнотија на кандило и пливка
и
пламен

за воскреснување.

ДЕТЕЛИНА

Да бевте во две
ќе имаше целина.
А вака во една
двете сте поделени.

Таа што побудува,
таа што возбудува.

Во една се косите
ги кубете косите,
во две,
мир ми носите.

Јас,
делен
на девет.

ШАМПОН

Господе услиши
те молам Господе
Господе ти се молам
услиши
услиши
услиши

Фала ти Господе
фала ти Боже

И бањај се почесто
да т'ибам
тоа ушите

ГРУТКА

Светла грутка
ко гугутка
загушена
во грлово
ми се гасне.

Темна грутка
како утка
како плевел
ми ја плави
крвта сина
од висина
до под чевел –
(глуждот заклан
десет лакти).

Чад метален
чисти факти
исказ пален
раскрилени пилци
по сите мрачни
ходници
на молитвата.

АВТОБИОГРАФИЈА

од Син ми

Ме викнаа кога треви
подадоа силно глава.
А се родив за да читам:
очи, книги, звезди...
Љубовта е мојот простор
како полжав што го влечам
но без врати и видови.
Мојот дом е тука
никаде и секаде.
Имав среќа да се дружам
со реки и цвеќа.
Планини по мене трчаат
јас сонувам птици...
Во иднина ќе се движам
сам ко толпа
ќе преплавам како јато
и ќе бегам како крдо во
стампедо.
Ќе напаѓам ко глутница
ќе се бранам како рој.
Низ свеста ќе талкам јас
номад
како брат ми
Перун.

ЖЕЛЕЗНА

Железна си
во погледот
во мислата
во чекорот

и прекорот
дека не си
тебе не ти прилега.

Суптилна си
во зборот
во колачот
во супата
во розите во дворот
многу секси
лек си
ѝ
на душава.

Во твоите скути
збрани
највредните атрибути
ме топат
во огон син.

Но

твојата страст
да немаш страст
те држи во власт
невидлива

и

железна.

НА СЕСТРА МИ

На сестра ми
на која не знам
да ѝ бидам брат
а во неповрат
деновите врват.

Таа Србин
јас Хрват
јазик еден
и крв една
за крв жедна
а во крвта
вртипоп и булки.

Во оваа ронка
нема да ме види
мојта сестра Македонка.

По охриди
јас се кријам
во вирови и езера
а кај „шијам"
не разбира никој
па не сум од вчера.

Ги римувам и Демјан
и темјан
но не значи дека мрачи
умот и виделото.

Сè уште се канам
братски да те бранам.

ÔД ОД КАМЕНА ДО СОНЧЕВА РЕКА

Пред пет века
јас Јаков
го втиснував знаков
во Камена Река

и се враќам да одборчам
дел од мојот товар:
уште еден часослов, уште еден
словар,
помалку да горчам.

Пак ми даде Он задача
да цртам и печатам знаци
и да пробам горчила и слача.

А овие крв-залаци
за крепост се, не за врача
на патот кон сончеви зраци.

ЖЕД

Жедта гори!

Да се пие
да се збори
да се сака,
кама в рака

жедта мори
(дур прогори)!

А без битка
ни наситка
ниту (с)покој!

Таа демне
без да дремне,
силен копнеж
страв да сопне.

Јантар, жад е,
порив, глад е,

жед е!

МОКРА*

Планина.
А во гепек препек.
И сланина.
Од под карпа вода.
Салва сонце
и нога за нога кроце.

Алва
да заблажиш.
И секако сам.
Зашто рикот кога корне
од петици па до Бога
струполува ангели.
Пелин
горок
да зацели.
Амаро за старо аро.

ЛУФТА
(работна соба)

Прво почна да луфтира
(демек како увертира)
па после да коментира

Многу ти е задушливо
од книгите и прашливо
(ја поправам: правливо)
ја правливо ја кривливо
многу ти е задушливо

Ми зборуваш за душата
Ти зборувам за гушата
со гуша се диши
со душа се гушиш

Е добро де
да ја задушам
или да ја загушам душава
Море крши глава
ја будала
муабет со тебе правам
Луфтирај ја
и собата и главата

Очигледно имам луфта
главава ми диши

.

Сум напишал збирка
од цирка,
две песни.

Песните се бесни
како да се седум.

Само седам.
Троа дремам
троа следам.

Тврдам тема.

За новата збирка.

Една песна.

Ама ифрит.



Поезија

УДК 821.163.3-1

КОДИРАНА ПЕСНА

Атанас Крлевски

Напишав песна
без интерпукциски знаци
без точки и запирки
без извичници и прашалници
и без наводници
напишав песна
без ритмика и рими
без рефрени и апострофи
без иронии и симболи
Напишав песна
со сонце без зраци
со реки без вода
со дрвја без листови
и рози без цветови
Напишав кодирана песна
со нули и единици
модерна, ко овој наш свет
без љубовни воздишки
и со испревртени вредности
во ладните прегратки
на вештачката интелигенција



Поезија

УДК 821.163.3-1

ПРИНЦЕЗА НА ПОЕЗИЈАТА

Саво Костадиновски

– На поетесата Марина Мијаковска –

Метафорите мерка ти зеле
за безрасудно да доречеш
штом песната во тебе
со предизвик е
да ти дошепне
тихо како воздишка
но со громки глас
по небото на твоето срце
не оти
непорекливо песната те осведочила
за нејзина принцеза на поезијата
прогласено да блеснува
со спотнати чувства
до ведра поетска мисла

Поистоветени сознанија песните ти везат
во стихови видливи-видовити
огледалца на стварноста-сегашноста
прелив во соживот со секој збор
вдомено да суштествуваш
штом нештата ти се поимаат
во магијата на поетскиот свет
со искушенија да превозмогнуваат
непоколебливо во твое име
да вреднуваат и да го наткрилуваат
секое идно време
кадарно да сведочат
за реченото и недореченото
за твојата безвременска поезија.

УДК 792.09(497.7:=512.161)(049.3)

ИМА ЛИ РЕЖИСЕР НА ПРЕТСТАВАТА?
(КОН ПРЕТСТАВАТА „СЛЕПЦИ“ ВО РЕЖИЈА НА ЌЕНДРИМ РИЈАНИ, А ВО ИЗВЕДБА НА НУ ТУРСКИ ТЕАТАР)

Елена Пренџова

Информации за претставата:
Продукција: НУ Турски Театар
Режисер: Ќендрим Ријани
Актерска екипа: Џенап Самет, Хакан Даци, Јеткин Сезаир, Сузан Акбелге, Ебру Мусли, Несрин Таир, Слаѓана Вујошевиќ, Емине Халил, Зубејде Али, Инес Радинчиќ, Едис Мусиќ
Музика: Емрах Џемаили
Костимографи: Медина Хоџа, Маја Ѓуреска
Инспициент: Един Јакуповиќ – Ердинч Рушид
Суфлер: Нериман Шенгулер
Светло: Бекир Кубур
Гардеробери: Муалја Салихи, Мухамед Бакиовски
Шминка: Севим Керим
Превод: Џанан Али
Шеф на Сцена: Зеќирија Абди
Сценска техника: Мехмет Исмаил, Суат Рахман, Џенгиз Халил, Изудин Беговик, Булент Хасан
Реквизитер: Танкут Ибрахим
Организатор: Шензат Зеќир
Јазик: турски, македонски, албански, англиски и германски, со превод на македонски и турски
Времетраење: 130 минути

Претставата „Слепци“ во режија на Ќендрим Ријани, а во изведба на НУ Турскиот театар е вистинско освежување на македонската современа театарска сцена, нудејќи тип на модерен театар што ретко може да се види и на нашите институционални, но и алтернативни театарски сцени.

Изборот на Ријани режисерски да ја постави на сцена на нелинеарен и предозирано енергичен и динамичен начин до степен да се запраша публиката „Има ли режисер на претставата?“ е секако оправдан и во функција на претставата, имено, првенствено затоа што и самата претстава не е еднојадрена, туку претставува „претстава во претстава“, а потоа, затоа што, и покрај тоа што е колажно базирана на истоимениот драмски текст на Морис Метерлинк, со директни интертекстуални цитати и поврзувања со книгата „Погубни идентитети“ на Амин Малуф, гради и директна комуникација со хронотопот на овде и сега.

Овие две нејзини стожерни карактеристики ја прават претставата навидум конфузна и хаотична — оттаму и прашањето „Има ли режисер на претставата?“ — во која се чини како актер(к)ите, во недостиг на режисер, да си ја презеле таа улога и самите се организираат и координираат на сцена.

Следствено, „Слепци“ не е претстава на која ќе дојдеме со цел да доживееме емоционална катарза на трагичност или комичност, ниту, пак, претстава која нуди ескапизам од реалноста, туку претстава која бара исклучителна концентрација да ги следиме актер(к)ите во секое движење, во секој збор и во секој момент, и, можеби најбитно од сè, неопходна е привремена суспензија на неверување и целосна свесност и присутност дека ние сме публика која гледа театар.

И токму во ова е најголемата моќност на претставата — во фактот дека не треба да нè убедува дека е театар, ниту да нè убедува дека има режисер и не е целосно преземена на плаќите на актер(к)ите — туку во фактот дека границите меѓу реалноста и театарот се заматени, скоро непостоечки.

Оваа нејасност се пресликува во сите аспекти на претставата, вклучтелно и кај ликовите, така што отсуствуваат јасно дефинирани главни ликови, а на моменти и нема ликови воопшто, туку самите актер(к)и говорат преку својот глас, својот физикус и своите лична животна приказна и став. Токму ова го имам на ум кога велам „претстава во претстава“, затоа што од една страна ја имаме приказната со интертекстуален поттекст на книгата „Слепци“ која е расцепкано прекинувана со критички рефлексии на реалноста и автобиграско-документаристички проблесоци.

Содржински, десетина залутани слепи ликови поради своите предизвици не се во можност да најдат излез од непознатата локација ниту да сфатат дека нивниот водач е мртов. Градацијата се засилува како што се засилува психологијата на чувството на изгубеност. Состојбата на немоќ, несигурност, напнатост, страв и ранливост ескалира, и токму кога кулминира, почнува моментот „претстава во претстава“: улогите ги снемува, актер(к)ите се повторно самите себе и ги слушаме како говорат свој текст — автобиографски, но и свои ставови за „прашањата што ги мачат“ во реалноста во која живеат и творат: очајната ситуација на немање театарска зграда, сизифовските маки на правење претстава без буџет и сл.

И додека наративот на поттекстот на книгата „Слепци“ жонглира со слепилото како физичка состојба, автобио-

графските рефлексии на актер(к)ите танцуваат со метафоричкото слепило предизвикано од носечките мотиви во претставата: идентитетот, предрасудите и љубовта. Претставата е сценска војна помеѓу повеќеслојноста на идентитетот и превласта на предрасудите или љубовта што произлегуваат од него.

Идентитетот е бренд уникатен за секоја личност, нешто што нè дефинира и од кое не можеме да излеземе. Идентитет е условен од полот, родот, расата, националноста, етникумот, верската (не)определба, образованието, професијата, личните ставови и погледи на живот, но и конкретните, дури и баналните работи, како на пример стилот на облекување, фризурата, шминката, физичкиот изглед, гласот и начинот на говор и сл.

На крајот, што победува: предрасудата или љубовта? Некогаш едното, некогаш другото. Исто како во приказната за добриот и лошиот волк во нас — победува оној кој го раниме. Па, ако се запрашаме дали е „Слепци" претстава за слепите, одговорот е: да, е. А ако се запрашаме дали е „Слепци" претстава за идентитетот, предрасудите и љубовта, одговорот, повторно, е: да.

Истиот одговор ќе го добиеме и ако се запрашаме и дали „Слепци" е автобиографска претстава или фикција, а притоа нашиот одговор нема да биде условен од субјективноста на нашата перцепција и поглед на гледање, туку од самата природа на претставата — да биде повеќе и различна од што навидум изгледа.

Иако се наметнува прашањето „Има ли режисер на претставата?", ако проникнеме во музиката, шминката, костимографијата и сценографијата, ќе увидиме длабока промисленост. Музиката и звучните ефекти на Емрах Џемаили претставуваат аудитивно армирање на динамиката на театарската игра пополнувајќи ги немите издишки на текстуалниот наратив, а шминката на Севим Керим, костимографијата на Медина Хоџа и Маја Ѓуреска и сценографијата, рака под рака, се надополнуваат во севкупната визуелност на претставата.



Шминката е сценска, со жива црвена боја која метафорично упатува на симболиката на ранливост, страдание, траума и смрт. Наспроти жаркоста на црвената боја, изборот на црната боја на костимографијата и сценографијата симболично алудира на страв, закана, тага, смрт, загуба, самотија, сериозност и тежина, т.е., на доминантните мотиви на самата престава.

Дизајнот на формата на костимите е широк и слободен, како што е и сценографијата — слободна, но тесна, која, иако физички дефинирана како квардат на средсцена опкружен со сценски реквизите кои можат да се најдат буквално насекаде околу него — одложени на парната и столовите кои воедно се и седишта за публиката, но и залепени по ѕидовите — уште со самиот почеток на претставата увидуваме дека тоа не е единствениот топос каде се случува претставата.

Набрзо научуваме дека преставата физички се случува и меѓу публиката и со публиката, режисерска одлука што ги нарушува границите меѓу сцената и публиката, та всушност многу брзо по почетокот на претставата станува јасно дека и публиката е дел од сценографијата, односно од претставата во целост (на пример, претставата почнува со читање на глас цитати од книгата на Малуф, значи со директно обраќање кон публиката).

Исто така, и актерскиот ансамбл го оправдува прашањето „Има ли режисер на претставата?", истовремено побивајќи го. Актер(к)ите се присутни, ја поседуваат сцената и сиот простор воопшто и еквалибрираат меѓу улогите, поточно ликовите од „Слепци" на Метерлинк, заглавени и залутани некаде незнајно и себеси, својата лична историја, животен контекст и позадина. Ансамблот е хармоничен и синхронизиран во играта и скоро и да не може да се издвои некој да отскокнува, освен, можеби, актерката Слаѓана Вујошевиќ со енергичноста, фацијалните експресии и телесната заложба во двете улоги без текст: на глувонема жена, во претставата „лудата", и на онаа на куче.

А, има ли поента преставата? Секако. И поента и порака и став. Слепци сме сите заблудени од предрасудите родени од идентитетот како (проклета) судбина. Но, „Слепци" е претстава за љубовта. Само љубовта е она „над-", она über. Да не била љубовта на дедо ѝ на актерката Вујошевиќ, Џевад Алибеговски, и на баба ѝ Цвета Паланкова, немаше Македонија да ја има Слаѓана. Само љубовта може да направи човека од слеп да прогледа. А она што секој од нас треба да го направи е да ја погледне преставата.

Користени извори:

Етмишовски Филип – Култура 24, 2025,
https://kultura24.mk/mk/2024/12/13/slepci-vo-rezija-na-kjendrim/

Маркоска Катерина, „Слепци" – НУ Турски театар, Theatre Scent, 2025,
https://theatrescent.com/slepci/

ДИПЛОМАТСКА СРЕДБА

На 18 февруари претседателот Живко Гроздаоски оствари средба со Н. Е. г-ѓа Џијанг Сјаојан, амбасадорка на НР Кина во Македонија. На средбата се разговараше за културните врски помеѓу двете земји, но беа зацртани и контурите од конкретна креативна размена помеѓу македонски и кинески уметници, проект чиј исход би бил вклучен во одбележувањето на јубилејот – 80 години од основањето на Друштвото на писателите на Македонија, следната 2027 година.

ПОЕТСКО ЧИТАЊЕ ВО ЧЕСТ НА РОДЕНДЕНОТ НА МАТЕЈА МАТЕВСКИ

Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и Управниот одбор на Друштвото на писателите на Македонија организираа повеќејазично читање на „Циклусот за светулките" од Матеја Матевски, кое се одржа на 13 март 2026 г. во Друштвото на писателите на Македонија, со почеток во 19:00 часот. Во текот на октомври и ноември 2025 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при УКИМ се одржа студентска преведувачка работилница посветена на песните од поетскиот „Циклус на свелулките", објавен во стихозбирката „Круг" (1977) од Матеја Матевски (1929-2018). Во работата се вклучија 90 наставници, странски лектори и студенти од речиси сите катедри на Филолошкиот факултет. Како плод од работилницата неодамна Филолошкиот факуилтет објави повеќејазично печатено и електронско издание од студентските преводи на поезија од Матеја Матевски на 17 јазици: албански, англиски, германски, италијански, јапонски, полски, португалски, романски, руски, словенечки, српски, турски, унгарски, француски, хрватски, чешки и шпански.

ВРАЧУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „РОМАН НА ГОДИНАТА" ВО ДПМ

На 13 март во ДПМ се одржа прес-конференција на фондацијата „Славко Јаневски" на која беше соопштен добитникот на наградата „Роман на годината" за 2025 година: романот „Три Марии" од Оливера Ќорвезироска, кој исто така е носител и на наградата „Стале Попов" на Друштвото на писателите на Македонија за 2025 г.,, како и на „Рациновото признание" за 2025 г.. Наградата „Роман на годината" беше свечено врачена во ДПМ на 20 мај.

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ПОЕЗИЈАТА

Во МАНУ на 19 март, по повод Светскиот ден на поезијата учествуваа членови на ДПМ. На поетското читање настапија поетите: Александра Јуруковска, Виолета Танчева-Златева, Елена Пренџова, Делвина Крлуку, Зоран Анчевски, Игор Анѓелков, Бранко Цветкоски итн. На прес-конференцијата беше претставена лауреатката на Златниот венец на СВП за 2026 година, холандската поетеса Анеке Брасенга. Во согласност со повеќедецениската традиција, на лауреатката на Златниот венец на СВП ќе ѝ биде врежено почесно членство во ДПМ.

ПРОМОЦИИ НА ЗБИРКАТА РАСКАЗИ „ОНА ШТО СЕ ПАМЕТИ ЖИВЕЕ"

Во Штип на 26 март се одржа промоција на збирката раскази „Она што се памети живее (Никогаш докрај раскажани приказни)". Учесниците на настанот: Живко Гроздаоски, Трајче Кацаров и Христо Петрески разговараа за значењето на ова дело во одржувањето на меѓугенерацискиот континуитет во книжевната заедница, како и за процесот на настанување на книгата. Присутните се потсетија и на повеќе писатели и впечатливи настани од минатото, а посебен акцент беше ставен на ликот и делото на поетот Благој Самоников од Штип (1942 — 2025).

На 6 април 2026 година во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола се одржа промоција на книгата „Она што се памети живее (Никогаш докрај раскажани приказни)" во организација на Македонското научно друштво од Битола (МНД) и Друштвото на писатели на Македонија (ДПМ). Книгата, издание на ДПМ, содржи сеќавања од современи книжевници за значајни починати писатели, а пред многубројната публика писателите Петар Андоновски, Милица Димитријовска Радевска, Елизабета Јончиќ, Ирена Јурчева, Фросина Пармаковска и Добре Тодоровски споделија сеќавања за Драги Михајловски, Владимир Костов, Радован П. Цветковски, Панде Манојлов, Никола Кочовски и Лилјана Дирјан. Настанот го модерираа Живко Гроздаоски и Даниела Андоновска-Трајковска, претседателка на МНД.

ПРИЗНАНИЕ ЗА 30 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА „СТОЖЕР: РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ"

Во организација на НУ ЦК „Ацо Шопов" – Штип, на 22 април во 12 часот, во Спомен собата на установата, се одржа манифестацијата „Во чест на поетот", посветена на Ацо Шопов, по повод одбележувањето на 44 години од неговата смрт. Во рамки на манифестацијата беа доделени признанија за посебен придонес во афирмацијата на ликот и делото на Ацо Шопов. За животно дело беше врачена наградата на Божин Павловски, како и на „Стожер" при Друштвото на писателите на Македонија. За творештвото на Павловски се осврна Блаже Милевски, а главната и одговорна уредничка на ревијата „Стожер", Марина Мијаковска, зборуваше за историските почетоци и постоењето на оваа ревија на ДПМ.

ПИСАТЕЛИТЕ НА ПОЕТСКАТА МАНИФЕСТАЦИЈА ВО ИЛИНДЕН

На 12 и 13 мај во Домот на културата во општина Илинден се одржа традиционалната литературната манифестација „Илинден" по 27 пат. На детското матине, кое се одржа на 12 мај 2026 пред публиката во о. Илинден со свои творби за деца се претставија Живко Гроздаоски, Искра Донева, Симона Јованоска, Хана Корнети, Перо Миленковски, Велко Неделковски, Горјан Петревски и Мито Спасевски, а беа доделени и наградите на победничките творби од конкурсот за најдобра песна „Патување во моето омилено место во светот", на кој учествуваа ученици од ООУ „Гоце Делчев", ООУ „Ристо Крле" и ООУ „Браќа Миладиновци" од о. Илинден, а за кои одлучуваше жирито во состав: Живко Гроздаоски, Велко Неделковски и Васил Мукаетов. На централната манифестација на „Денови на културата на општина Илинден", која се одржа на 13 мај, свои стихови прочитаа Елизабета Бандиловска, Живко Гроздаоски, Ива Дамјановски, Гордана Јовиќ-Стојковска, Жарко Кујунџиски, Ели Маказлиева, Ана Пејчинова, Христо Петрески, Елена Пренџова, Сузана В. Спасовска и Љерка Тот-Наумовска.


РЕДОВНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ ВО ДПМ

На 30 мај во ДПМ се одржа редовното изборно Собрание. За претседателка а ДПМ беше избрана Гордана Јовиќ-Стојковска, а за членови на УО Живко Гроздаоски (подоцна избран за потпретседател), Петар Андоновски, Драгана Евтимова, Хана Корнети, Елизабета Јончиќ и Сеида Бегановиќ. За членови на Судот на честа на ДПМ беа избрани Ирена Јурчева, Соња Стојменска-Елзесер, Марина Мијаковска, Диме Ратајкоски и Иван Антоновски.

СТАРИ ФОТОГРАФИИ



Божин Павловски во 1988 година по повод награда „Стале Попов“



Гане Тодоровски и Михаил Ренџов на промоција во 1985 година



Оливера Ќорвезироска (Охрид, 1988 г.)



Оливера Николова пред одењето на студиски престој во Париз во 1966 г.



Ленче Милошевска и Светлана Христова-Јоциќ (Македонски Брод, 2008 г.)

ВРЕМЕПЛОВ

1966 година

РЕЧНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК-ПРИДОНЕС ОД НЕСОМНЕНО КУЛТУРНО И ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

— Излезе од печат и третиот, последниот том од речникот на македонскиот јазик. — Комплетот што го сочинуваат трите книги на речникот содржи 64.522 Заглавни зборови **(Ристо Елимов)**

СО излегувањето од печат и на третата, последната книга од Речникот на македонскиот јазик, завршува целосното публикување на еден од најобемните и најопфатните научни трудови од областа на македонската јазична проблематика. Неколкугодишниот напорен труд на Институтот за македонски јазик и на групата автори составувачи на Речникот (Г. Димитровски, Б. Корубин и Т. Стаматовски), и на редакторот, професорот Блаже Конески, ги дадоа очекуваните резултати. Тие се беа нагрбиле со една мошне одговорна, од посебно значење и макотрпна, но од пионерски карактер работа. Зафат што даде резултати од несомнено и далекусежно значење, како на планот на натамошната афирмација на македонскиот јазик, на натамошното изучување на неговиот лексички фонд, така и во однос неговата примена во нашата секојдневна јазична практика.

По излегувањето од печат на првата книга од Речникот, во август 1961 година, се предвидуваше работата врз вториот и третиот том да биде готова до крајот на 1963 година. Но, катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје, ги оневозможи и ги попречи таквите предвидувања.

Втората книга излезе од печат во јули 1965 година, а третата, последната, тукушто ја напушти книговрзницата и веќе ќе може деновиве да се најде во сите наши книжарници.

Како што е познато, првиот том содржи и обработува 29359 заглавни зборови на 519 страници голем формат (24X18), опфаќајќи ги буквите од А до Н. Вториот том обработува 17799 заглавни зборови на 595 страници и ги опфаќа буквите од О до П. Третиот пак, последниот том, на своите 606 страници содржи 17364 обработени заглавни зборови, почнувајќи од буквата Р, па завршувајќи со последната азбучна буква Ш.

Вкупно, комплетот што го сочинуваат трите книги на Речникот на македонскиот јазик, содржи 64522 заглавни зборови, што се соодветно претставени низ 1711 страници голем формат, на двоколонски печат.

Значи, македонскиот јазик, најпосле, се здоби и со свој Речник. Во неговиот растеж, појавата на Речникот значи посебен настан. За нашата културна историја воопшто, ова претставува уште еден прилог во нејзиното доосветлување и потврда на нејзиното постоење а во историскиот развиток на македонскиот јазик придонес од несомнено значење, што зборува за неговото лексичко богатство и цврст фундамент за натамошната разработка и за натамошно формирање на нашата, македонска лексикографија.

Речникот на македонскиот јазик со својот мошне богат фонд на зборовен материјал, покрај тоа што „тој го одразува значителниот степен на стабилизацијата на речничкиот фонд на македонскиот литературен јазик постигнат до денеска.“ без двоумење може да се рече дека, претставува и богат извор за сите оние што се заинтересирани и се интересираат за нашата јазична проблематика и за нашиот јазик во смисла на неговото постоење, на неговиот тек, па и на неговото користење. Сега веќе ќе им биде многу полесно и на преведувачите и на креаторите на соодветни речници што на нашите луѓе, пред сè на учениците, ќе треба да им помогнат во изучувањето на странските јазици.

Речникот, сепак, велат неговите автори, „не си поставува строго нормативна цел, иако во тој поглед ќе одигра несомнена улога. Во него се вклучени во доста голем број и дијалектни зборови, со мисла дека некои од нив можат натаму да најдат поширока примена и во литературниот јазик, а исто така и архаизми, пред сè, такви што се среќаваат во народната поезија и проза. Интернационалните зборови и специјалните термини, како што е обично во вакви речници, се вклучуваат во мерка што се определува од нивната поширока употреба во културната средина.“

Толкувањата на зборовите во Речникот се дадени на српскохрватски јазик. Но, некои места, каде што тоа било очигледно потребно, дадени се и соодветни, нешто пошироки објаснувања на некои зборови на македонски јазик. Со ова се сакало на македонскиот корисник на речникот да му се олесни работата. За другите Југословени, овој речник ќе има секако, посебно значење, зашто тој ќе им овозможи, односно ќе им го олесни, меѓу другото, и достапот до македонското литературно творештво.

И, на крајот, само неколку збора за техничката опрема на Речникот. Издавачкото претпријатие „Просветно дело“, сфаќајќи го значењето на Речникот, неговата културна, па и историска мисија, очигледно со респект се однесе при неговото техничко обликување. Сите три книги се дадени во тврд целоплатен подврз на мошне квалитетна хартија.

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Живко Гроздановски
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Марина Мијаковска (главен и одговорен уредник)
Лилјана Пандева (лектор)
Делвина Крлуку
Стефан Марковски

Корица:
Берт Стајн

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати: Датапонс

Тираж: 200

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура и туризам на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам